# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 февруари 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 53-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јани Макрадули, Андреј Жерновски, Есад Рахиќ, Ана Андова, Ванчо Георгиев, Талат Џафери, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ванчо Стаменков, Слободан Чашуле, Али Ахмети, Стојан Андов, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 58 пратеници.

Констатирам дека нема доволен број на пратеници во салата.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранисето може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет .

Записниците од 40-тата и 45-тата седница на Собранието ви се доставени.

Дали има некој забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека записниците од 40-тата и 45-тата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за дополнување на Законот за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување на овој закон по итна постапка.

Има збор Хари Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Со основниот закон е утврдено дека целокупното собрано оружје, експлозивни материи, муниција ќе бидат уништени во рок од 90 дена од завршувањето на акцијата, значи сметајќи од 16 декември 2003 година. При тоа имавме предвид дека во текот на акцијата можеби ќе се случи како што се случи фактички во самата постапка да се предаде оружје кое има и определена историска вредност и потребата за измена на Законот доаѓа токму од тоа дека доколку не го измениме, целокупното оружје фактички ќе мора да биде уништено во рок од тие 90 дена. Затоа измената која ја предлагаме се состои само во изземањето на она оружје кое има таква историска вредност според законите би се предало на Министерството за култура. Доколку не усвоиме ваква измена дури и тоа оружје кое, и во образложението се наведени од кој период потекнуаат и тн., фактички немаме законски основ да го изземеме од уништувањето што навистина би било штета и затоа се предлага тој исклучок.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, за предлогот гласале 60 пратеници, 1 воздржан и 3 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија во мировна операција во Авганистан.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неодложна потреба предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор Владо Бучковски, министер за одбрана.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Владата на Република Македонија предлага на денешната седница да ја донесеме одлуката за испраќање на ново пешадиско одделение на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан. Итноста е предизвикана од фактот што и понатаму логистичката поддршка, вклучувајќи го тука и транспортот зависи од нашите НАТО партнери во Авганистан сме дел од германскиот контингент и заради информациите кои стигнаа на владината седница на 26 јануари дека тоа ќе се случи идната недела. Бараме затоа што ова е прва наредна седница од тој момент кога го дознавме тој факт, на денешната седница да биде донесена оваа предлог одлука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на Владата, предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, 57 пратеници гласале за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авгранистан;

2. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кавадарци;

3. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Скопје И - Скопје и Кичево;

4. Предлог за разрешување заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство - Охрид;

5. Предлог на одлука а изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот парламент;

6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

7. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија;

8. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на северноатланската договорна организација;

9. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клинички центар - Скопје;

10. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Аптека “9-ти ноември” - Велес;

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари;

12. Предлог на закон за дополнување на Законот за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето;

13. Предлог за донесување на закон за класифицирани информации, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за јавни набавки;

15. Предлог за донесување на закон за јавното обвинителство;

16. Предлог за донесување на закон за надворешни работи, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за регулирање на побарувањата на штедачите од штедилниците “ТАТ” Битола, “АЛФА С” Скопје и “Лавци” Охрид, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регулирање на побарувањата на штедачите од штедилниците “ТАТ” Битола, “АЛФА С” Скопје и “ЛАВЦИ” Охрид, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за животна средина;

20. Предлог за донесување на закон за заштита на природата;

21. Предлог за донесување на закон за квалитет на воздухот;

22. Предлог за донесување на закон за водите;

23. Предлог за донесување на закон за управување со отпадот;

24. Предлог на програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2004 година;

25. Предлог на национална програма за културата за периодот од 2004 до 2008 година;

26. Информација за ангажираноста на Владата на Република Македонија за укинување на визниот режим за граѓаните на Република Македонија за земјите од Европската унија.

Би сакал да ве информирам дека денеска почнуваме со една нова пракса, а тоа е сите именувања што се од телата ги ставаме први, бидејќи тука имаме консензус, а и на минатите седници тоа се бараше. И затоа, тие се први точки за кои што сметам дека ќе ги завршиме доста брзо.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред?

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Ви благодарам господине претседател, колеги и колешки пратеници,

Како известител на Комисијата за надворешна политика, сакам да ве известам за ставот на Комисијата во однос на предложената точка од предложениот дневен ред точката 26 - Информацијата за ангажираноста на Владата на Република Македонија за укинување на визниот режим за граѓаните на Република Македонија за земјите од Европската унија. Ставот на Комисијата беше, односно заклучокот на Комисијата беше дека за оваа точка Собранието не треба да расправа, односно дневниот ред да се измени во правец на нејзино симнување од дневен ред. Со оглед на тоа што известителот од Комисијата за европски прашања која што исто така ја гледаше оваа предложена точка на дневниот ред, не е тука од оправдани причини, дозволете како претседател на Комисијата за европски прашања исто така да ве информирам дека ставот, односно заклучокот и на оваа Комисија во однос на ова прашање е идентичен. Би сакала да изнесам само неколку причини зошто се бара да се тргне од дневниот ред.

Првата причина е секако дека, иако ние сите сме свесни дека прашањето со визниот режим е болно прашање за македонските граѓани, дека пратениците имаат право на редовна основа да бидат информирани за состојбата и за ангажираноста на Владата меѓудругото за подобрување на визниот режим со

државите членки на Европската унија, сепак сметаме дека е нерационално, неефикасно и неекономично сега во овој момент и на пленум на Собранието да се расправа за ваква точка на дневниот ред, затоа што прво Комисијата за надворешна политика имаше токму тематска седница за ова прашање во месец октомври 2003 година со слични предлог заклучоци до Владата кои што сега ги предлага предлагачот да бидат донесени од собранискиот пленум. Комисијата за надворешна политика како работно тело секако дека ја постигнува таа цел што сака предлагачот да ја постигне. Потоа, пратениците на редовна основа преку пратенички прашања се информирани за прашањето на визниот режим и за ангажираноста на Владата по ова прашање. Значи, во меѓувреме не се скратени од информации.

И уште два момента. Владата во својот акционен план ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Каролина Ристова, можете ли да го формулирате предлогот?

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Не е дискусија. Само ги кажувам причините, како известител. Јас кажувам како известител кои биле причините за заклучокот на овие две комисии. Уште две причини се. А предлогот е да се тргне од дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи, предлагате точката 26 - Информација за ангажираноста на Владата на Република Македонија за укинување на визниот режим за граѓаните на Република Македонија за земјите од Европската унија, да се симне од дневниот ред.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Да. И како известител треба да го образложам ставот на овие комисии. Имам уште два аргумента. Мислам, не е црно - бело, зошто се предлага таков заклучок.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, предлогот го ставам на гласање.

Ве молам кој е за?

Без претрес. Во Деловникот тие предлози се без претрес.

Процедурално збор има Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, јас мислам дека направивте грешка. Колешката која што е претседател на Комисијата си дозволи да ни одржи предавање по оваа точка.

Сигурно сакаше да се оправда пред македонската јавност зошто визниот режим се уште не е регулиран. Меѓутоа, тоа не е предмет на мојата дискусија.

Сакам да кажам дека согласно на член 73 поврзано со член 72: предлози за одлагање на одделни прашања од дневниот ред. Во член 73 се вели: Собранието без претрес се изјаснува. Не може да ни држи предавање од половина час. Кога ќе дојде точката на дневен ред, а вака сега ако сакаме да правиме пропаганда, тоа е друго.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, дневниот ред и предлозите се утврдуваат без претрес. Ќе дојде таа точка на дневен ред и ќе си кажете се што мислите и што сакате.

Ве молам да гласаме за предлогот.

Немаме претрес. Овде е еден предлог и се гласа.

Повелете две минути, Ганка Самоиловска - Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА - ЦВЕТАНОВА:

Господине претседателе, сметам дека како предлагачи на оваа информација сме апсолутно против да се тргне од дневен ред, бидејќи сметаме дека граѓаните имаат право на пленарна седница да слушнат како и колкав е ангажманот на Владата во однос на либерализацијата на визниот режим во однос на македонските граѓани, бидејќи либерализацијата на визниот режим не е само политичка или добра волја на земјите од Европската унија, туку значи исполнување на некои домашни обврски со цел да се задоволат европските стандарди. Како дополнителна информација за алармантноста и за потребата да се дискутира за оваа точка само ќе кажам еден податок кој вчера го прочитав, дека 1.600 македонски граѓани веќе земале бугарски државјанства, а 10.000 чекаат нови. А Владата се плаши да го стави на дневен ред за да не види македонската јавност колку се ангажирани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот го ставам на гласање точката 26 да се симне од дневен ред.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, 56 за, нема воздржани, 14 против.

Со тоа прифатен е предлогот точката 26 да се симне од дневниот ред.

Дали има уште некое дополнување?

Процедурално Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, во името на пратеничката група, а со овластување на координаторот, барам пауза од половина час.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пауза од 15 минути.

(Пауза од 11,35 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,50 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, ќе мора да констатираме дека и понатаму се продолжува со надгласување, опозицијата се заќутува, сите нејзини предлози на овој начин можат да се отповикуваат.

Да ве известам претседателе тоа ќе биде еден аргумент во прилог на тоа , да ја дополнуваме интерпелацијата. Во секој случај, ако вака продолжи, додека дојде на дневен ред, најверојатно ќе биде доста доволен.

Инаку имам предлог, покрај она за што се јавива. Имено точката која сега влезе по итна постапка, од МВР, Законите за дополнување на Законот за доброволно предавање на оружјето, јас предлагам да биде прва точка на дневен ред, да не ни се случи, додека го изгласаме законот, да не ни рѓоса оружјето, па нека оди побрзо таа точка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Од оној дневен ред што го прочитав по редослед, тоа е точка 12.  Но, прво да го утврдиме дневниот ред.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Дневниот ред само е предложен, а не е утврден. Сега ќе го утврдиме дневниот ред, а пота ќе пристапиме кон промена на редоследот на точките од дневниот ред. Така што предлогот на г-динот Караџоски ќе го ставам на гласање откако ќе се утврди дневниот ред.

Предложенито дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, 58 пратеници галсале за дневниот ред, 1 воздржан и 4 против.

Констатирав дека предложениот дневен ред е усвоен.

Го ставам на гласање предлогот на г-динот Краџоски, точката 12 - Предлог на закон за дополнување на Законот за доброволно предавање и собирање на огнено оружје, муниција и експлозивни материи, за легализација на оружјето, да биде прва точка.

Господине Караџоски имате ли подршка од 10 пратеници.

Констатирам дека има подршка од 10 пратеници.

Ве молам, да гласаме.

Гласале вкупно 65 пратеници, 10 пратеници гласале за, 4 воздржани и 51 пратеник гласале против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Имам предлог бидјеки тоа не се усвои сега како прва точка, - Предлог на програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2004 година, да биде точка 1.

Знаејки го минатогодишното искуство и како поминавме со прославите за јубилејната 100 години Илинден, мислам дека треба да и дадеме време на Комисијата што побрзо да ги донесе овие работи за да можеме да ги одбележиме овие настани , бидејки времето поминува , веќе е февруари, ќе не најде повторно истито и нема да го прославиме Илинден.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски имате ли подршка од 10 пратеници.

Констатирам дека има подршка од 10 пратеници.

Го ставам предлгоот на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници, 11 гласале за, 2 воздржани и 50 пратеници гласале против.

Повелете госпоѓа Петрова.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Барам точката - Предлог програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2004 година да биде ставена после точките за избори и именвуање, бидејки кажавте дека тие ќе бидат приоритетнина секоја седница. Сметам дека ваквиот предлог е прифатлив во моментов, бидејки изборите и именувањата се битни и мора да поминат на оваа седница, а важно е исто така

оваа точка да помине денес, бидејки не е добро, настаните и личностите што сакаме да ги одбележуваме, да ги одбележуваме откако датумите ќе поминат. Значи постфестум одбележувањето не е добро, како што беше минатата година. Значи барам оваа точка да биде на дневен ред после точките за избор и именвуање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е точката 12.

Нема разлика бидејки точките за избори и именвуање ќе ги поминеме брзо.

Дали има подршка од 10 пратеници.

Констатирам дека има.

Предлогот го ставам на галсање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 56 пратеници, 54 гласале за 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Процедурално за збор се јавува г-динот Коце трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, сакам едно објаснвуање од вас како претседател на Собранието.

По кој член од Деловникот барате подршка од 10 пратеници за измена и дополнување на дневнито ред. Имено вие изгледа се водите по член 74, а по тој член измени и дополнувања се прават откако ќе почне претресот по одредени прашања. Инаку вие треба, по член 66, пред утврдување на дневниот ред. Сметам дека не работите по Деловникот. Досега ова не се случило.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Можеби досега Деловникот не се почитувал. Од сега ќе се почитува.

Член 74 кажува точно, откако е утврден дневниот ред.

Дали има други предлози? (Нема)

Според тоа за денешната седница го утврдивме следниот дневен ред:

1. Предлог одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество на мировна операција во Авганистан;

2. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кавадарци;

3. Предлог на одлука за огласува избор на судии на основните судови во Скопје 1 - Скопје и Кичево;

4. Предлог за разрешување заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Охрид;

5. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот и членови на Делегација на Собранието на РМ за соработка со Европскиот Парламент;

6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици, на комисиите на Собранието на РМ;

7. Предлог на одлука за изменвуање на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на РМ;

8. Предлог на одлука за изменвуање на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на РМ, во Парламентарното Собрание на Северно Атланската договорна организација;

9. Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на членови на Управнито одбор на Јавната здравствена организација Клинички центар – Скопје;

10. Предлог на одлука за изменвуање на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Аптека “9 Ноември” – Велес;

11. Предлог на програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2004 година;

12. Предлог на закон за изменвуање и дополнување на Законот за спречување на перење на пари;

13. Предлог на закон за дополнување на Законот за доброволно предавање и собирање на огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето;

14. Предлог за донесување на закон за класифицирани информации, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за јавни набавки;

16. Предлог за донесување на закон за Јавното обвинителство;

17. Предлог за донесување на закон за надворешни работи, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за изменвување на Законот за регулирање на побарувањата на штедачите од штедилниците “ТАТ” -Битола, “АЛФА С” - Скопје и “Лавци”-Охрид, со Предлог на закон;

19. Предлго за донесување на закон за изменвуање и дополнување на Законот за регулирање на побарувањата на штедачите од штедилниците “ТАТ” - Битола, “АЛФА С” - Скопје и “Лавци”-Охрид, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за животна средина;

21. Предлог за донесување на закон за заштита на природата;

22. Предлог за донесување на закон за квалитет на воздухот;

23. Предлог за донесување на закон за водите;

24. Предлог за донесување на закон за управување со отпадот;

25. Предлог на национална програма за културата за периодот од 2004 до 2008 година.

Минуваме на Првата точка - **Предлог на одлука за испраќање единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан.**

Предлогот на одлуката и Извештајотна Комисијата за одбран аи безбедност, Ви се доставени.

Бидејки нема амандмани.

Отворам претрес.

Молам, која бара збор?

Има збор г-динот Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитуван претседателе почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Денес на седницата на Собранието има Предлог одлука за испраќање на единица на Армијата на РМ за учество во мировната операција во Авганистан, обврска која произлегува од Меморандумот за безбедносна подршка на меѓународните сили во Авганистан, под лидерствона НАТО, каде РМ ја презеде обврската да учествува во оваа мировна операција, во состав на германскито Контингент, со една единица, пешадиско одделение.

Сакам да ја искажеме нашата одговорнсот од досегашното учество на нашите мировни сили кои покажаа дека припадниците на АРМ можат успешно да ги извршуваат обврските кои произлегуваат од мировните операции под лидерството на НАТО, за што сме им и особено благодарни.

Денешната одлука, почитувани колеги , ќе претставува континуитет на нашето учество, на нашите сили во мировната операција во Авганистан односно замена на

претходниот контингент, со што уште еднаш го даваме својто придонес во меѓународните мировни операции и уште еднаш ја докажуваме наштa трајна определба , да бидеме дел од колективнито одбранбен систем и да придонесеме за светскиот мир, безбедност и стабилност.

Од овие причини Пратеничката група на СДСМ ќе гласа за предложената Предлог одлука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 55 пратеници, 53 гласале за, 2 воздржани и против нема.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Минуваме на вторатa точка - **Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кавадарци.**

Предлогот за разрешување Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Мирослав Маневски да биде разрешен од функција судија на Основниот суд во Кавадарци, го ставамна галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници и сите 59 гласале за.

Ги молам службите да го констатираат бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејки немаме кворум давам пауза од 1 час.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,25 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и предлогот Мирослав Маневски да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Кавадарци го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, 59 за 1 воздржан, против нема.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Мирослав Маневски е разрешен од функцијата.

**Минуваме на точка 3 - Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Скопје И - Скопје и Кичево.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 62 гласале за, 2 воздржано, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точка 4 - Предлог за разрешување на заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Охрид.**

Предлогот на одлуката за разрешување на заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Охрид Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Стефан Паунчевски да биде разрешен од функцијата заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Охрид го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 63 гласале за, 1 воздржано, нема против.

Констатирам дека Стефан Паунчевски е разрешен од функцијата заменик на јавниот обвинител на  Основното јавно обвинителство во Охрид.

**Минуваме на точка 5 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот парламент.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точка 6 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 67 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точка 7 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 67 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точка 8 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република**

**Македонија во Парламентарното собрание на северноатланската договорна организација.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, сите гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точка 9 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клинички центар - Скопје.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 64 гласале за, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точка 10 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Аптека “9-ти ноември” - Велес.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, сите гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точка 11 - Предлог на програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2004 година.**

Предлогот на програмата, мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на програмата за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2004 година.

Предлагачите на програмата пратениците Елеонора Петрова Митевска, Кирил Дојчиновски, Михајло Георгиевски, Роза Топузава - Каровска, Невзат Бејта. Гајур Сарач, Славица Станковска и Јордан Михајловски поднесоа амандмани на основот за донесување на програмата на член 2 за додавање нова точка 5-а по точка 5 и за додавање нова точка 9-а по точка 9, за бришење на точка 27 и на точка 31 на член 6 и за менување на член 8 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на програмата.

Пратеникот Елеонора Петрова Митевска поднесе амандман на член 2 точка 22, по кој предлагачите не се произнеле.

Пратеникот Сашо Дохчев поднесе амандман на член 2 за додавање нова точка 3-а по точка 3, по кој предлагачите не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот на член 2 точка 22 поднесен од пратеникот Елеонора Петрова Митевска.

Молам еден од предлагачите да се произнесе.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Тоа е техничка грешка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 66 гласале за амандманот, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот и станува дел од текстот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нова точка 3-а по точка 3, поднесен од пратеникот Сашо Дохчев.

Молам еден од предлагачите во име на предлагачите да се произнесе.

Има збор пратеникот Елеонора Петрова Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Комисијата не го прифати амандманот на пратеникот Дохчев.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Дохчев.

САШО ДОХЧЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Овој амандман се однесува на вметнување на оваа Предлог програма на една точка тоа е точката 3-а, а се однесува на одбележувањето на 50-годишнината кој е значаен јубилеј на една од најелитните клиники при Клиничкиот центар во Скопје, тоа е Клиниката за урологија. Сега да не ја фалам Клиниката за урологија, на сите Ви е познато бидејќи ќе излезе дека јас премногу зборувам за неа бидејќи јас потекнувам од таа клиника. Се работи за врвна научно-наставна образовна и здравствена установа, која има врвни постигнувања од областа на урологијата. Се работи на клиниката се она што се работи и во светот, значи сите оперативни техники, така да не заостанува по ништо во тој поглед, така да мислам дека е овој еден значаен јубилеј и се надевам дека мојот предлог ќе биде прифатен од пратениците.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие како предлагач госпоѓо Петрова имате збор, бидејќи сте пријавени.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Јас кажав дека Комисијата не го прифати овој амандман. А јас барам збор да зборувам за програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа кога ќе продолжиме со претресот.

Господинот Зиди Џелили има збор.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Во врска со програмата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласате.

Гласале вкупно 61 пратеник, 24 за амандманот, 1 воздржан и 36 против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Програмата за одбележување годишнини на значајни настани и личности во 2004 година.

Ве молам кој бара збор?

Процедурално се јавува господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе добивме информација како пратеничка група дека пред Собранието се случува нешто што не треба да се случува. Значи применети се специјални единици, се употребува сила на оние кои што протестираат, заради тоа што протестираат и ние како пратеничка група ќе ја напуштиме седницата доколку не се создадат нормални услови и вас како претседател ве повикуваме да преземете некоја мерка во таа насока за овде да можеме нормално да работиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине Караџоски ова не е ни деловнички ни процедурално, ваш е односот кон тоа вие како сакате да постапувате.

Повелете госпоѓо Петрова вие имате збор, а нека се припреми пратеникот Зиди Џелили.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Благодарам господине претседателе,

Би сакала да истакнам дека во името на предлагачите ми претставува особено задоволство да ве известам, да ви кажам дека Комисијата за култура во чија надлежност спаѓа одбележувањето на значајни датуми и личности, многу единствено работеше на програмата за донесување на Програма за значајни настани и личности, бидејќи во работата на Комисијата имаше големо единство од сите политички партии и од сите етнички заедници и со исклучок на ДПА која што не се потпиша на Предлогот на Програмата што ја донесовме, сите други политички субјекти во Парламентот застанаа зад оваа програма што ние ја предлагаме денеска. Тоа покажува и укажува на големата свест на парламентарците во ова Собрание и на фактот дека сите работиме и размислуваме во насока на една културна разноликост што е еден значаен елемент во културното живеење на Европа.

На тој начин, со ваквиот начин на размислување, ние стануваме навистина, дел од таа заедничка голема Европа, бидејќи само со заедничко донесување на одлуки по значајни теми, можеме да одиме сите заедно во Европа.

Во оваа прилика би сакала на сите колеги пратеници од сите пратенички групи кои што застанаа на оваа програма да им се заблагодарам на кооперативноста и внимателното следење и предлагање на настани и личности кои донесоа до една

ваква сериозна програма на задоволство на сите нас и овде во Парламентот и на граѓаните во Република Македонија.

Во рамките на работата на Комисијата за култура спаѓа и делот за донесување на програма за значајни настани и личности за секоја година и врз основа на ингеренциите кои што ни беа дадени ние оваа година, за разлика од минатата кога заради доцното формирање на работата на Комисијата Програмата ја донесовме дури во првата половина на годината, некаде во јуни месец, оваа година започнавме со подготовките во месец септември, се со цел да биде програмата готова што побрзо за да можеме во 2004 година да ги одбележуваме достоинствено значајните датуми и личности кои што требаа да бидат одбележани оваа година.

Во септември месец пристапивме кон подготвување на Програмата и испративме писма до сите институции од сферата на културата, од сферата на образованието, на единиците на локална самоуправа, на сите релевантни граѓански здруженија и поединци кои што сакаа да предложат значајни датуми и личности, меѓутоа, иако рокот беше до 3 ноември ние бевме во ситуација да го пролонгираме рокот на доставување на предлози, така што рокот на доставување на предлози беше до 17 декември 2003 година. Веднаш потоа претходно работеше работна група, а веднаш потоа беше донесена и Предлог програмата за која што кажав дека веќе имаме консензус од сите политички партии, со исклучок на ДПА и беше доставено до Владата на 20 декември. Одговорот од Владата го добивме на 28 јануари и веднаш по добивањето на нивниот одговор точката Програмата за одбележување на значајни датуми и личности е ставена како точка на дневен ред. Во оваа година Комисијата се потруди, затоа и го пролонгира рокот да стави што поголем број на предлози во Програмата и можеме да кажеме дека 31 точка беа предложени плус оние двете кои ги предложи Владата, значи 33 предлога за одбележување на значајни датуми и личности беа предложени во Програмата за 2004 година. Се разбира дека во точката 1 која се однесува на 60 години од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ и 60 години од одржувањето на Второто заседание на АСНОМ има повеќе точки во кои што влегуваат и 60 години од историските настани во Горно Врановци, 60 години од престојот на президиумот на АСНОМ, 60 години од Пролетна офанзива, 60 години од Првата легална конференција во Горна Џумаја. Тука има многу настани, голем број на народни херои со кои што се одбележуваат 60 години од нивното загинување и 60 години од

формирање на значајни воени формации, кои што се особено значајни за историјат ана Република Македонија и за нејзиното ослободително движење.

Значи сите тие доаѓаат од оваа прва точка, а понатаму следат 60 години од Февруарскиот поход, 80 години од потпишувањето на Мајскиот манифест, 60 години од Универзитетската библиотека "Свети Климент Охридски", 40 години од Македонската Радио Телевизија, 60 од Македонското радио, 60 години од Програмата на албански јазик, 60 години од Програмата на турски јазик на радиото во Република Македонија, 60 години од Македонската филхармонија, 60 години од Првата конференција на АФЖ, 80 години музијска дејност во Македонија, 80 години од убиството на Димо Хаџи Димов, 20 години од смртта на Владо Малевски, 50 години од смртта на Димитар Андонов Папрадишки, 90 години од раѓањето на Стерјо Спасе, 40 години од смртта на Милтон Манаки и 100 години од дејноста на браќата Манаки во Битола, 100 години од издавањето на Првата историја на Власите од Јанаке Арџинтеану од Гопиши - Битола, 60 години од издавањето на весникот "Бирлик", 60 години од Основното училиште Тефејус, 100 години од раѓањето на Васил Антевски Дрен, 100 години од објавувањето на Првиот речник на албански јазик од Константин Христов Ориди, 100 години од смртта на Сами Фрашери, тоа го изменивме со амандман, бидејќи по грешка беше ставено 100 години од раѓањето.

Потоа, 125 години од издавањето на првиот буквар на албански јазик, 150 години од Востанието на Караташа, 150 години од раѓањето на Вадил Главинов, 175 години од раѓањето на Рајко Жинзифов, 175 години од раѓањето на Марко Цепенко и она што беше со амандман, 60 години од првата претстава на македонски јазик во Народниот театар во Битола и 40 години од основањето на Музејот на современа уметност на Република Македонија.

Овие беа предлозите кои по долг и селективен приод Комисијата за култура на Собранието на Република Македонија сметаше дека треба да бидарт вклучени оваа година, со цел за што подостоинствено, покултурно разнолико и покомпетентно одбележување на значајни датуми и личности во оваа година. Би сакала да кажам дека сите овие настани кои оваа година се одбележуваат имаат особено значење не само за културниот развој на Република Македонија, туку исто така и за општествениот развој, за темелите на државноста и за формирањето на современата македонска држава, особено 60-годишнината на АСНОМ, која оваа година ќе биде централна прослава.

Меѓутоа, морам да кажам дека во прифаањето на овие амандмани, кои ги прифативме како составен дел на документот, а кои ги поднесе Владата, во членот 8, кој е на крај на предлогот, амандманот се менува и со овој нов амандман кој го предложи Владата досегашните предлагачи на значајни настани и личности, кои ќе треба да се донесат во наредната година, ќе мора да водат сметка претходно преку институциите од кои ќе ги предложат и преку министерствата кои се надлежни да обезбедат средства, за да можат овие настани да се одбележат, бидејќи Собранието на Република Македонија за оваа цел исто така во наредната година ќе бара средства однапред за одбележување на овие значајни настани и личности, бидејќи констатиравме дека дури ни септември месец не е доволно рано да се даваат, така што да биде готова програмата пред донесувањето на Буџетот на Република Македонија и средствата кои ќе ги предложиме како Собрание и како комисија да можат да влезат во Буџетот за наредната година и на тој начин поедноставно ќе можат да се финансираат сите оние проекти кои ќе треба да се одбележуваат во наредната година, што е биде значаен приоритет за 2005 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Зуди Џелили, а нека се подготви господинот Михајло Георгиевски.

(Пратеничката Ганка Самоиловска-Цветанова бара збор деловнички).

А во што е Деловникот прекршен?

Повелете, да слушнеме процедурално.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Сакам пред целата македонска јавност да го пофалам херојското дело на министерот Хари Костов, на чија наредба испрати...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа не е процедурално, ве молам, ве молам, ве молам.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

... испрати специјални единици да ги растурат лавовите кои на мирен начин...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Зиди Џелили, повелете.

(Пратеничката Ганка Самоиловска реагира со зборовите “нема да ме исклучите”).

Тоа не е процедурално.

(Пратеничката Ганка Самоиловска-Цветанова реагира).

Поднесете информација.

Господине Зуди Џелили, повелете.

(Пратеничката Самоиловска реагира со зборовите “македонската јавност треба да знае што се случува”).

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Денес пред нас е Програмата...

Ве молам, создадете услови за работа.

(Неколку пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ излегуваат од салата).

Господине претседател, вие обично создавате услови пратениците слободно да го изразат своето размислување.

Денес пред нас е Програмата за одбележување на значајни годишнини и истакнати личности во 2004 година. Настаните во кои се движеа народите се сведоштво на нивната историска егзистенција. Од тука, ние денес ќе дебатираме за настани кои имаат свое место во историјата. Без сомнение, во овие настани има и истакнати личности кои исто така го заслужуваат нашето внимание. Но ако ја погледнеме предложената листа, тогаш ќе видиме дека овие настани не се израз на историската реалност на етничките заедници, но овде се однесува со едноставно пријавување, фактографско и историско, бидејќи еден мал број годишнини се од културата и историјата на албанците. За да биде поголемо зло, се соочуваме со инструментот на мајоризација, кој и овој пат ќе биде во случба на настојувањето на една историја врз другата.

Овде треба да се нагласи фактот на непочитување на Уставот на Република Македонија, кој како што знаеме, по Охридскиот договор, претрпе измени преку утврдените амандмани. По овој повод, за да бидам јасен ќе ги цитирам токму амандманите со кои се предвидува реализирањето на етничката рамноправност во Македонија.

Во амандманите 8 и 9 на Уставот, покрај другото, се вели и следното:

“Амандман 8: Припадниците на заедниците имаат право слободно и јавно да го изразат и негуваат својот идентитет и поединостите на нивните заедници и да ги употребуваат симболите на нивните заедници.

Републиката им гарантира на сите заедници заштита на идентитетот, културниот, јазичниот и др.

Претставниците на заедниците имаат право да основаат свои уметнички, научни и образовни институции, како и свои научни здруженија на начин за да можат да го изразат, култивираат и изразуваат својот идентитет".

"Амандман 9: Републиката гарантира заштита, унапредување и збогатување на историското и уметничкото богатство во Македонија и на сите заедници кои живеат во Република Македонија".

Сега ако направиме еден осврт на листата на овие предлози за истакнатите личности и значајни настани за 2004 година, овде се забележува едно непочитување и дискриминација на албанската историја во Македонија. Со ова е јасен фактот на непочитувањето на уставните измени со Охридскиот договор. Од 31 настан и од 26 кои се вклучени во точката 1, кои го составуваат мозаикот на овие настани, само пет од нив припаѓаат на албанската историја. Навистина е за жалење што настаните и годишнините кои се предложија од релевантните институции и се исполнуваат со историски аргументи и документи како сведоштво на времето не се почитуваат, наспроти фактот дека сите тие ги исполнуваат предвидените критериуми со законот.

И покрај тоа, јас би сакал да се заблагодарам на сите институции кои го дадоа својот придонес, нудејќи конкретни предлози за конкретни историски настани. По овој повод се заблагодарувам на Универзитетот на Југоисточна Европа, Катедрата за албанска книжевност во Скопје, општината Тетово и сите други институции кои ја збогатија листата на предлози на значајни настани од минатото на албанскиот народ. Иако ги исполнуваат критериумите, не се прифатија - сум издвоил неколку настани - и тоа: 60-годишнината од смртта на познатиот англиски деец Евид Едип Дурхан 1944-2004 година, автор на многу дела за Балканот и автор на многу познатата книга за албанците "Грижите за Балканот", предложена од општина Тетово.

Исто така, со оглед дека ги исполнуваат критериумите, но не се прифати одбележувањето на 60-годишнината од масакрот врз албанците во Тетовскиот монопол 1944-2004 година, предложен од општина Тетово.

Не се прифати и предлогот од Катедрата за албански јазик и книжевност во Скопје, 90-годишнината од раѓањето на писателот Шефкет Мусарај 191402004 година, потоа 80-годишнината од Буржоаската револуција во Албанија 1924-2004 година, значаен настан кој го одбележува доаѓањето на Фан Ноли на власт.

Не се прифати и предлогот од Штуловиот универзитет, одбележување на 10-годишнината од почетокот на работата на тетовскиот универзиртет 1994-2004 година.

Значи, многу настани кои вие не ги внесовте во оваа програма ќе се одбележат независно од вас, бидејќи ние и претходно сме ги одбележувале сите зна!чајни настани од минатото на албанскиот народ и ќе продолжиме да ги одбележуваме, но ќе беше добро тие да го најдеа своето место во оваа заедничка програма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Џелили.

Госпоѓа Елеонора Петрова-Митевска има реплика, три минути.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Благодарам господине претседателе.

Во името на предлагачот сакам само да го потсетам господинот Џелили дека од 31 предлог, што комисијата ги даде за одбележување во 2004 година, значајни настани и истакнати личности, има шест настани кои се поврзани со албанската историја. Ќе ги посочам тука, а потоа ќе кажам дека има и од други етнички заедници. Значи, 60 години од постоењето на Програмата на албански јазик на Македонското радио, 60 години од загинувањето на Ибе Паликуќа, 90 години од раѓањето на Стеријо Спасе, 100 години од објавувањето на првиот речник на албански јазик од Костадин Кристофориди, 100 години од смртта на Сами Фрашери и 125 години од издавањето на првиот буквар на албански јазик.

Покрај овие, од другите етнички заедници се: 60 години од издавањето на весникот “Бирлик”, 60 години од основањето на ОУ “Тефијус”, 100 години од издавањето на првата историја на власите од Јанаки Арџинтеану од Битола, 60 години од постоењето на програмата на турски јазик и повеќе народни херои од други националности. Значи, од 31 предлог 12 предлози се однесуваат на други етнички заедници во Република Македонија и со тоа на почетокот ја изразив културната разноликост која се обиде оваа Комисија за култура да ја обезбеди при подготвувањето на програмата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Џелили, една минута, повелете.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитивана госпоѓо претседател на Комисијата за култура, еве ќе го изразам јавно тоа дека еве една ипол година како работиме заедно во оваа комисија, но имам впечаток дека вие сте многу оптоварена и пред мене и другите членови на Комисијата ги фалсификувате фактите. 31 значаен настан и 26 во точката 1 се вкупно 57. Шест од нив се албански годишнини, што изразено во проценти е 10%. Причината не е во тоа што вие ја зборувате, туку причината е дека вие не сакавте да слушнете за годишнини и настани што албанците ги одбележуваат, без оглед на временскиот период во кој тие поминаа. Во вашата програма постојано поканувате Македонско радио, Македонска телевизија, наместо да биде Република Македонија, македонска...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, сакам да бидеме коректни и да го почитуваме времето.

Има збор господинот Михајло Георгиевски, а нека се подготви пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

(Сугестија за пауза).

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Пауза отпочна во 14,00 часот).

(по паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Збор има пратеникот Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници и членови на Владата.

Денес пред нас е Предлог програмата за одбележување на годишнини на значајнинастани и истакнати личности до 2004 година. Таа голема чест и задоволство што можеме во нашата суверена македонска држава на рамноправни народи да ги одбележуваме светлите настани од нашето славно историско минато и свтли личности, што оставија длабоки траги во македонската национална и културна историја, вклучително со сите национални заедници што живеат во заедничката ни татковина Република Македонија.

Национален долг е на секој културен народ да ги слави и да ги почитува и одбележува своите национални величини и да ги памети настаните што битно влијаеле во развојот и достоинството на својот народ.

Почитувани дами и господа, со посебно чувство на задоволство можам да констатирам дека во овогодишната програма за одбележување годишнини на зјачајни настани и истакнати личности, е многу богата и фрла блескава светлина кон нашето национално и културно минато.

Првото место во одбележувањето, секако, му припаѓа на 60-годишнината од Првото Заседание на АСНОМ и конституирањето на македонската држава. Тоа е еден од најглавните камен темелници на македонската национална и државна самобитност. Тоа е настан што мора најдостоинствено да се одбележи од страна на сите граѓани на Република Македонија. Секако, дека за ова големо одбележување Собранието и Владата на Република Македонија, ќе подготват и посебни програми.

Главен белег на одбележувањето, покрај другите манифестации, треба да се издадат и посебни научни и публицистички трудови. Но, во овогодишната прогама за издавачка дејност финансирана од Министерството за култура што деновиве беше објавена во дневниот печат, нема ниту една публикација посветена на АСНОМ. Тоа ме натера да се заинтересирам кај научните кадри зошто е тоа така, дали немало автори што понудиле свое дело или нешто друго. Дојдов до едно сознание, кое што не ми е пријатно да го кажам, но во интерес на вистината мора да се каже. Конкретно, реномираниот македонски научник и културулог д-р Марко Китески, подготвил и понудил за издавање публикација под наслов “АСНОМ во Македонскиот фолклор” и истиот револтирано ми кажа дека неговиот научен труд не е земен предвид за издавање. Го убедував дека тоа мора да е некоја грешка  но, ако не е грешка и ако е вистина, тоа не е доблесно за Владата што има намера достоинствено да ја одбележи 60 годишнината од АСНОМ.

Кон Асномските одбележувања, особено ми е мило што ќе го одбележиме Панко Брашнаров, првиот претседател на АСНОМ, враќањето на неговите коски од Голи Оток и подигање на негов споменик, а не е лошо да се ангажира некој историчар или публицист да подготви публикација за овој македонски корифеј. Овде, задоволство е да се видат хероите, кои ги положија своите млади животи за слободата на Македонија, како што се на пример Кузман Јосифовски - Питу, Христијан Тодоровски - Карпош, Стив Наумов, Ибе Паликуќа, Манчу Матак и многу други.

Многу значаен настан е 80-годишнината од потпишувањето на Мајскиот манифест за обединување на македонското национално ослободително движење. Мислам дека и денес ни треба македонско национално обединување во насока на зацврстување на државните и на националните интереси и Евроинтеграцијата. Особено, ми е мило што во програмата се најде и 60-годишнината од формирањето на Народната и Универзитетска библиотека “Св.Климент Охридски” во Скопје. Таа претставува врвна Установа од областа на културата, расадник на библиотечни и други научни и културни кадри во Македонија. Чувар на духовното пишано богатство и установа во која и јас се вградив со моето 30 - годишно активно работење.

Значајни настани се и 40-годишнината од Македонската радио и телевизија, 60-години од Македонското радио, 60 години од постоење на програмата на албански јазик, 60 години од постоење на програмата на турски јазик и многу други значајни јубилеи.

Во програмата се најде и 80 годишнината од музејската дејност во Македонија. Музејската дејност е многу важна работа и немам ништо против тоа да се одбележува. Но, имам сериозна забелешка околу човекот што е посочен како отпочнувач на музејската дејност во Македонија, а тоа е великосрпскиот експонент во Македонија професорот д-р Радослав Груиќ, поточно, Радослав Груиќ како учен човек бил испратен од страна на великосрпската хегемонистичка политика на Белград, да дојде во Македонија и да врши духовна асимилација. Дошол тој во Македонија и во 1924 година формирал државна установа под име Музеј јужне Србије. Во таа установа пред 80 години ја започнал музејската дејност во Македонија. Почнал да собира, да обработува и да објавува важни музејски експонати, како средновековни македонски ракописи, значајни црковни и други историски материјали и се разбира сите тие ги прогласувал како српски споменици. Но, тоа не му било доволно, туку богатата музејска збирка составена од околу 60 средновековни ракописи од 12 до 16 век, многу црковни предмети, како крстовки, икони, одежди и други историски и етнолошки материјали, како народни носии и друго, сето тоа го пренел во Белград во втората светска војна. Тие бесценети музејски експонати во македонската национална култура, денес се наоѓаат во музејот на Српската православна црква и во други установи во Белград, заведени како српски споменици.

На многу од нив има убаво напишано и се гледа печатот. Музеј јужне Србије. Значи, овој човек како основен положник на музејската дејност во Македонија, не

само што извршил духовен асимилаторски геноцид, туку извршил класичен грабеж на македонското културни историско малцинство, со што во голема мера ја осиромашил македонската култура и наука. Е, пак, почитувани предлагачи за одбележувањето на 80-годишнината на музејската дјеност во Македонија ако овие факти не ви се доволни, одбележувајте си го почетокот на музејската дејност на Македонија со најголемиот асимилатор и грабач на македонската национална култура, ако сакате подигнете му и споменик на Радослав Груиќ, наместо цвеќе да му положуваме магарешко трње и само така ќе можеме да му се оддолжиме за се она што го сторил за Македонската култура.

Но, да го оставиме Радослав Груиќ, да си се вратиме на годишнините од истакнатите културни и умествени дејци на Македонија, како што се Димо Хаџи Димов, Милтон Манаќи, Рајко Жинзифов, Марко Цепенков, Димитар Попрадишки, Крсте Мисирков, Сами Фрашери и многу други. За истакнатиот албански преродбенички деец Сами Фрашери и покрај упорното инсистирање во Комисијта за култура да добиеме од предлагачите поопширни податоци за неговата дејност, такви не добивме. Па, дури, се предлагаше 100 години од неговото раѓање. Но, благодарение на упорноста на претседателката на Комисијата д-р Елеонора Петрова Митевска, тоа е исправено со амандман дека не од раѓањето туку од смртта 100 години. Мислам дека идните предлагачи за одбележување на значајни настани и личности точно и опширно да ги образложуваат своите предлози.

На крајот, почитувани дами и господа, со задоволство можам да ви кажам дека ќе ја поддржам оваа Предлог-програма со моите мали сугестии и сите да сме среќни што имаме великани, светли настани, со кои можеме да се гордееме и да им се восхитуваме.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Георгиевски.

Госпоѓа Елеонора Петрова има реплика од 3 минути.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА - МИТЕВСКА:

Прво, како член на Комисијата за култура, да се заблагодарам на г-динот Михајло Ѓеоргиевски за убавите зборови и за атмосферата во Комисијата за култура која што ја кажа, меѓутоа, морам да истакнам тука дека, освен неговиот настап околу 80 годишнината за музејска дејност во Комисијата, сите други членови беа против оваа точка за одбележување, да биде исфрлена. Можам да кажам дека секоја земја

во светот, а особено европските земји се гордеат со тоа да направат подолгогодишни јубилеи и одбележувања кои што ќе треба да ги одбележат, значи 100 годишни, 200 годишнини од значајни настани, а ние сакаме да ги скратиме дејностите. Освен тоа, кога станува зобор за 80 годишнината од музејската дејност, не станува збор за собирачка дејност, туку станува збор за вистинска научнадејност, документирање, собирање, чување и презентирање на научна основа на музејски материјал, што претставува една светска вредност, која што треба да се почитува и на ова тло.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минути г-дине Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Морам да кажам дека јас за овие работи укажав во Комисиајта и пратеничката група укажавме дека ова не е во ред да се протежира човек, кој почнал дејност со грабачки и асимилаторски цели. Тие работи што тој ги отпочнал се штетни за Македонија. Ќе беше добро ако ги направеше како што се објективни во науката и ако си останеа тука. Нека ми каже сега колешката Елеонора дали има еден експонат што тој го нашпол во тоа време и денес да се наоѓа на територијата на македонскиот музеј. Се е грабнато и однесено и зарем за тоа да го слвиме ние, почитувани пратеници, таков експонент што имав политички и асимилаторски цели.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално г-динот Исмет Рамадани, три минути.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, за волја на вистината за тука и за пред јавноста за воведниот збор што го имаше претседателката на Комисијата за култура г-ѓата Елеонора Петрова - Митевска, сакам да кажам дека во спсиокот на предлагачи а јас разбирам дека се сите оние кои се и учесници, членови на Комисијата за култура или претставници на различните парламентарни партии тука, сакам да кажам дека пратениците на ПДП во времето на концептирањето и предлагањето и подготовката на ова програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности, не сме биле консултирани како претставници на партијата на ПДП. Никој со нас не разговарал за оваа програма, а сигурно дека се работи за една програма, каде јас се радувам кога госпоѓата Елеонора вели дека бил постигнат еден консензус на многу хармоничен начин, биле прифатени интервенциите на

претставниците, на членовите на Комисијата и по етничка и по партиска линија. Меѓутоа во знак на протест, сакав да кажам дека во овој случај и сакам да ве известам, почитувани колеги тука, дека нема ни да дискутирам, ниту ќе учествувам во гласањето на ова програма, токму поради тоа што воопшто не сме биле консултирани ниту за содржината, ниту за подготовката на програмата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Колку што можам да разберам, г-дине Рамадани, вашата процедурална забелешка е што во текот на изготвувањето на овој материјал, процедурално не сте биле консултирани. Тоа е прифатливо како процедурално прашање, инаку баш не беше процедурално, ако сакате да знаете.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Деловнички да му се обратам на г-динот Рамадани дека работевме во рамките на Комисијата за култура. Бидејќи ПДП нема претставник во Комисијата за култура, не сметавме за потребно да консултираме пратеници што се вон од Комисијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Денес на дневен ред ние ја имаме точката за одбележување на годишнината на значајни настани и истакнати личности од историското минато на секоја заедница. Тука треба да расчистиме една дилема дека секоја заедница или националност ги има сопствените значајни датуми и има истакнати личности, кои треба да ги почитуваме, затоа што тие жртвувале се, ги жртвувале своите семејства, својот имот за една подобра иднина на граѓаните и за една подобра иднина на човештвото.

Како член на комисијата заедно со другите членови се обидовме да ги опфатиме сите датуми најзначајни како истакнати личности, кои дале придонес за подобра иднина. Ние како албанци не се оптоваруваме многу со датумите на истакнати личности, на другите заедници, затоа што тие добро знаат на припадниците на тие заедници знаат добро што тие жртвувале за националните и граѓанските интереси воопшто.

Многу често во Комисијата од страна на пратениците на опозицијата се бараше да има поопширна биографија за датумите и личностите од минатата

историја на албанскиот народ, меѓутоа, ние добро знаеме како оди процедурата. Еден колега пратеник рече дека институциите ги испратиле датумите и истакнатите личности, меѓутоа, но не навеле доволно податоци за нивните биографии. Затоа, јас бев обврзан како пратејник да напишам и да ги известам пратениците и јавноста и да им доставам поопширна биографија на истакнатите личности на нашиот народ. Се знае процедурата, Комисијата доставува писмо до сите институции за тие да направат истраги за датуми и личностите. Ние се обидовме, направивме една селекција и ги имаме следните датуми, кои не сакам да ги повторувам, било да се тоа датумите или пак истакнати личности, ниту на македонската, албанската или било која друга заедница, само ќе се задржам накратко на биографијата, за да имаат поопширно познавање на личностите кои се жртвувале во интерес на сите граѓани на целото човештво. Ќе се задржам на 100 годишнината на смртта на Сами фрашри. Сами Фрашри е идеатор на националната преродба, филозов, научник од меѓународни размери, познато научник, човек меѓу најнапредните интелектуалци на Балканот во тоа време, автор е на првичните проекти на националното албанско образование. Сами Фрашри е роден во Фрашрн во 1850 година. Учеше кај Махмуд ефенди Тетова. По смртта на неговиот татко заедно со членовите од неговото семејство се отсели во Јанина. Седум години одеше во гимназија од Устимеа и заврши во 1881 година. Таму се стекна со западно образование 1882 година Сами отиде во Истанбул каде почна да работи во Управата за издавање на книги и таму ги заснова своите научни знаења и стана познат деец на културата, на турската и на албанската култура и наука. Напиша околу 10-тина дела, лексикографски, научни, историски, политички итн. Се занимаваше и со преводи. Најголемиот дел од своите дела ги напиша на официјалнот турски јазик и на албански јазик. Јас би ги спомнал неколку дела на Сами Фрашри за да не ве заморувам многу. “Опстојување на зборот” во 1885 година, Поговорки и тоа 2850 поговорки, потоа Жените, Митологијата, Земјата, Човекот, Турскиот речник, Џепната библиотека, Малата азбука, Правилата на синтаксата, Турската азбука според новата метода, Кратката историја на Франција, Спомените на Ѓаволот, Утрото. Сами Фрашри беше на чело на албанскиот отпор на албанците.

Автор на истамбулската азбука заедно со неговиот брат Наим, неговата сестра Дрита. Многу е значајна неговата издавачка дејност. Наслови на албански јазик, азбуката на албански јазик во Цариград , буквите на албанскиот јазик , граматиката, дела многу читани и почитувани кај албанците и кај другите. Тоа што било Албанија,

што е и што ќе биде. Букурешт 1899 година, збирка песни, збирка стари, нови песни. Тој е еден од најзначајните фигури на албанскиот народ . Сами Фрашери умре на 5 јуни 1904 година во Истамбул. Тоа е што се однесува до Сами Фрашери.

За Констатин Кристофоридис во кратки точки. Роден е во Елбасан во едн семејство на еден златар. Почна да учи во едно грчко училиште во родниот град, а средното образоваие го завши во Јанина. Тука се стекна со класична култура. Научи латински, грчки, старогрчки, малку француски, италијански. Во Јанина се запозна со познатиот германски научник Хант, потоа продолжи со своето образование и на други места, во Малта, а високото образование во Англија. По студиите во 1859 година работеше како учител во едно грчко училиште во Тунис.

1864 година влезе во служба на библиско здружение и потоа во Истамбул ги издаде делата на апостолите 1866 година. Новиот завет го преведе и го објави на грчки и потоа на тофсиски јазик. Делови од стариот завет само тоскински јазик 1880 година до 1884 година.Најзначајни дела се: граматиката 1882 година и го напиша грчко-албанскиот речник кој беше објавен по смрта на авторот.

1884 година тој пребегнал од Истамбул во Елбасан за да отвори едно албанско училиште. Меѓутоа тука грчката пропаганда ја имаше направено својата работа. Тој сакаше да оди во Румунија, да соработува со патриотот Никола Наќот , а да објавува училишни книги на албански јазик. Значи тој е еден од преродбениците кој даде голем придонес за напредокот и развојот на образованието, а преку образованието се врши и културното издигање на човештвото.

Имаме 125 годишнина на објавувањето на првиот речник на албански јазик, како настан. Речникот на Констатин кој е едно од најзначајните дела на преродбата на албанскиот јазик.

1882 година авторот го подготви за објавување, меѓутоа немајќи можност да го објави тој продолжи да го збогатува се до неговата смрт. Кристофор пишуваше грчко-албански, се засноваше на претходни на албански речници, меѓутоа Кристофориди не внесе голем број на варваризми , посебон турцизмите и грцизмите кои што го опфаќаа местото на албанските зборови. Местото на Кристофориди до ден денес е една силна потпора за албанската лексикографија. Другите работи ги спомнав.

И имаме 100 годишнина на здружнието на печатењето на албанските букви во Истамбул и неговите активности.

Уште од пред раниот период на албанската преродба Истамбул стана значаен центар на патриотското и културно делување на нашите преродбеници. Тие таму работеа и делуваа десетици илјади албанци препегнати од Албанија кои потекнуваа од различни општествени слоеви и религии, преокупирани постојано со настаните што се случуваа во поробената татковина. Албанските интелектуалци од Истамбул во почетокот се ангажираа за подготовка на идеолошка , културна , образовна платформа на националната преродба. Тие со години работеа на ставањето на национално здружение за подготовка на албанската азбука во објавувањето на книгите и во ширењето на албанското образование и писменот. Ова здружение беше составено на 12 октомври 1892 година по иницијатива на Централниот комитет за заштита на правата на албанската заедница во Истамбул. Основачи на ова Здружение беа 28 члена кои го усвоија канонизмот и го избраа централниот совет кој се состоеше од следните членови: Абдул Фрашари, Пашко Вашо, Костахаџи Јаприштина, Хасан Приштина, Оџа Хашта, Самит Фраши и други. Претседател беше избран Сами Фраши. На состанокот беше усвоена одлуката, азбука која ја имаше подготвено Сами Фрашари, како единствена азбука на албански јазик која ја имаше предложено и Комитетот. Ова азбука е позната под името Истамбулската азбука. Оваа азбука зафаќа значајно место во историјата на албанскиот народ, меѓутоа и на албанците во Македонија.

Освен овие датуми претседателката на Комисијата ги спомена и другите датуми кои што се поврзани тесно со минатата историја на албанскиот народ.

Имаме 60 години од смртта на Ибе Паликуќа. Имаме 60 години од почетокот со работа на Радио Скопје на албански јазик.

Има и еден мал пропуст за кој што верувам дека ќе се исправи, имаме 60 години од формирањето на 4-тата албанска бригада.

Во иднина сите датуми и личности истакнати кои ќе бидат пворзани со историското минато на нашиот народ ќе бидат опфатени од мисијата на заедничката коалиција ДУИ и СДСМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Бејта.

За реплика се јави г. Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Благодарам г. претседателе.

Многу добро колега, г. Бејта елабориравте датуми од институциите кои што беа дадени, како што беше југоисточниот универзитет или општина Тетово и Педагошкиот факултет во Скопје. Значи како датум се многу значајни и добро ги елаборира, меѓутоа г. Невзат Бејта не направи, не стави до знаење на јавноста нешто, а тоа е дискриминирањето на датумите кои што треба да бидат опфатени како значајни датуми на албнаците. Затоа  од 57 датум кој што се споменаа само шест се албански, што значи пропорционално не ги исполнува бројот на датумите на албанците. Албанците од прилика треба да имаат 14 или 15 датуми кои треба да се одбележат, додека ние имаме само шест. Тие минимално треба да бидат 10 или 11 датуми кои што требало да бидат во оваа програма и да се одбележат.

Затоа јас констатирам дека тој не стави до знаење на јавноста ова дејство на институциите. Значи се дискриминираат албанците за четири, Пет или шест датуми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За контралепкика се јави г. Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Јас ќе повторам уште еднаш. Ние како заедничка коалиција ги тераме работите така како што треба. Јас незнам што вие сте направиле при вашето владеење во минатото. Дали сте внеле некој датум или некоја истакната личност од историското минато на албанскиот народ.

На Комисијата ние го разгледавме прашањето врз основа на законските критериуми. За тоа кои датуми се во сообразност и согласност со законот. Сите оние што беа во согласност со законот ние сме ги опфатиле. Тоа се следните, овие што ги има тука.

Што се однесува до институциите, на сите институции им е доставено писмо да ги достават значајните датуми и истакнатите личности. Сите оние што се дојдени ние ги спомнавме. И од Универзитетот на Југоисточна европа, од општина Тетово и од катедрата за албанологија. Ние ги разгледавме и ги извадивме овие датуми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Аднан Ќахил, вие имате и реплика.

АДНАН ЌАХИЛ:

Не, процедурално.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Неможе порцедурално, реплика , ако не јавете се за збор.

Г-дине Зуди Џелили имате реплика, или ..

Повелете имате три минути.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Јас и преескa во мојата реплика кажав неколку настани кои се значајни. Тие ги исполнуваат критериумите и без причичина не беа опфатени со програмата. Ги спомнав кои беа, но уште еднаш ќе ги споменам. Тоа се 60 годишнината од масакрот Монопол во Тетово, 10 годишнината на Тетовскиот универзитет, 60 годишнината од смртта Едит Дура, 80 годишнината на Буржуаската Револуција како и 80 годишнината на Шефкет Мусаре. Овие датуми ги исполнуваат критериумите, меѓутоа без причина не беа опфатени во програмата и немаше образложение.

Што се однесува до тоа што ние сме направиле порано, тоа е еден период кога албанците беа дискриминирани и потоа се случи вооружениот конфликт, конфликт кој што сите албанци го поддржаа токму за да се подобри, за да се надмине една историска неправда. Во тоа време албанците годишнините ги славеа како што знаеја. Сега Рамковниот договор со Устав го гарантира правото албанците да ги култивираат своите национални, културни поединости и да бидат рамноправни со другите народи. Ние исто така не сме рамноправни во однос на еден друг сегмент што се однесува до културата. Кога се работи за културните споменици, затоа што спомеикот Џем Гостивари, Исмет Јашари, Насер Адеми, Султан Ќафа се вели дека се дивоградби, а за другите споменици дека се законски.

Значи г. Бејта ти си еден кој многу често си ги потсетувал како историчар младите генерации за ова историско минато, како сега одеднаш го менуваш мислењето?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г. Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Вистина е дека сум историчар, меѓутоа не сум човек кој студирал текстил и за отпадоци. Јас имам многу познавања од историското минато.

Што се однесува до репликата која ја кажа колегата тоа нема врска со точката на дневен ред. Се спомнаа некои почитувани, истакнати личности од нашата историја кои не се на дневен ред. Ние имаме голема почит кон тие личности.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓа Бонева, а нека се подготви Аднан Ќахил.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани колеги, почитувани претставници на Владата,

Веќе кажа г-ѓата претседател на Комисијата за култура дека во Комисијата за култура учествувавме сите претставници од поголемите политички партии и во тој случај пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ беше застапена со двајца претставници. Уште од самиот почеток учествувавме во креирањето на Програмата за одбележување на значајни настани и личности. Уште во првата фаза јас бев еден од претставниците на пратеинчката група која што учествува во работната група која што вршеше селекција на првичниот пристигнат материјал од сите институции во државата. Морам да напоменам дека нашата првична селекција се однесуваше само на временските интервали дали се во согласност со одлуката за одбележување на јубилеи, годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија . Значи, само тоа дали се совпаѓа годишнината, годините, бројот на годините, дали се исполнети условите од одлуката . Не навлегувавме во содржината на предлозите. Токму заради тоа Комисијата имаше и експерт од Институтот за национална историја кој што требаше да ни помогне сите овие предлози да бидат разгледани и од него да биде дадено едно стручно мислење кои се настани заслужуваат да бидат одбележани на државно ниво.

Мора да напоменам дека Собраинето на Република Македонија на 20 мај 1998 година има донесено Одлука за одбележување на јубилејни годишнини, значајни настани и истакнати личности во Република Македонија , во кои што јасно се утврдени критериумите кои треба да бидат исполнети за некој да се најде во оваа програма.

Уште од самиот почеток наша забелешка беше дека одредени личности и настани кои овде се ставени , кога беа поднесени предлозите кажавме дека неможеме да кажеме дали тие заслужуваат да бидат дел од програмата токму заради тоа што немаме доволно податоци за нив. Меѓутоа, до завршната фаза на Комисијата во изработката на програмата на нашите упорни барања и упорни укажувања дека ни се потребни дополнителни податоци за да навистина можеме сите ние пратеници од Комисијата да споредиме и да видиме дали се исполнети критериумите дадени во Одлуката која ја донело ова Собрание. Меѓутоа и до последната седница не добивме ваков одговор. Ни беше кажано на мое инсистирање дека неможеле да најдат ниту службите повеќе податоци посебон за Сами Фрашери, за 100 годишнината од смртта на Сами Фрашери, што е ставено во програмата, понатаму за одбележувањето на првиот речник, 100 годишнината од првиот речник на албански јазик од Константин Кристофориди. Значи не добивме

апсолутно никакви опширни податоци и сите вие пратеници ги имате податоците кои се дадени во четири-пет реченици за овие настани.

Сега имавме можност, и покрај тоа кажа г-ѓата претседател дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ едногласно се согласи да го поддржи предлогот, меѓутоа заборави да каже со наша забелешка дека бараме повторно и се надеваме дека до седницата ќе добиеме поконкретни информации.

Навистина мене не ми е јасно зошто досега на овие повеќе пати кажани наши барања не беше доставена биографијата што пред малку г. Бејта со задоволство тука на сите нас ја кажа за Константин Христофориди, за Сами Фрашери, за нивното значење, нивното дејствување, иако неколку пати баравме да видиме која е врската со Република Македонија бидејќи ние сме Комисија на Република Македонија како држава која што одбележува државни јубилеи на значајни настани и истакнати личности.

Јас внимателно го следев г. Бејта и тој кажа дека тие не се оптеретувале со датумите и личностите на другите заедници бидејќи тие самите си знаат, заедниците си знаат што значат тие личности за нив.

Меѓутоа, ние живееме во заедничка држава и тоа што правиме сега една Програма за одбележување на настани и годишнини на ниво на држава, не на ниво на заедници, не обврзува сите нас да знаеме што е тоа што го предлага некој претставник од друга етничка заедница, за да внесеме во една државна програма за одбележување на настани и годишнини.

Сметам дека сите ние треба да бидеме сериозно запознаени, не на самата седница, за тоа имаме Комисија, таму да расправаме, требаше експертот од Институтот за национална историја, врз основа на конкретните податоци што сега ни ги кажа господинот Бејта, бидејќи навистина од Институтот за национална историја не добивме ниту збор повеќе отколку тоа што е напишано во програмата. Значи и тие се повикаа дека треба предлагачот да даде повеќе податоци, бидејќи не можеле да најда во нашата историографија повеќе податоци. Значи, овие податоци што на самата седница беа презентирани сметам дека треба сериозно да бидат разгледани од членовите на Комисијата или за нив да се произнесе експертот, за да видиме навистина и да се види дали ги исполнуваат овие личности и настани, дали ги исполнуваат критериумите што се дадени во членот 2 од оваа одлука што пред малку ја спомнав, во која што се вели дека значајните настани и истакнатите личности, чии годишнини се одбележуваат, треба да се од исклучително значење за

развојот на државноста на Република Македонија и за нејзиниот државно-правен континуитет. Да се основоположници во одделни дејности во општествено-политикиот и економскиот живот на Републиката и дека придонеле за нејзина меѓународна афирмација. Да се вградени во историскиот развој на земјата и во народната традиција, со што се овозможува создавање на трајно чувство на патриотизам и инспирација на идните генерации и да не читам понатаму, бидејќи сите пратеници кои се заинтересирани ја имаат оваа Одлука. Значи, за да знаеме дали да гласаме една програма во која што се внесени овие содржини, значи да бидат одбележани овие личности и настани треба, не само според мене туку и според пратеничката група на ВМРО -ДПМНЕ да чуеме мислење од експерт од Институтот за национална историја за податоците што се дадени, дали соодвествуваат со Одлуката за одбележување на јубилеи, годишнини и значајни настани.

Ако остане така како што е сега, тогаш јас навистина се прашувам дали ние, како Собрание на Република Македонија не треба да ги славиме на пример, првиот речник издаден на српски јазик, без оглед на тоа што е издаден во Белград, како што беше овде спомнато за Сами Фрашери кој е роден во Фрашар и тн., за Кристифориди кој е роден во Елбасан. Упорно баравме да видиме која е врската со Република Македонија, каде дејствувале, која е врската, со што ја задолжиле Република Македонија односно народот и етничките заедници во Република Македонија. Несомнено е значењето за албанската етничка заедница, бидејќи речникот и писменоста, како што кажа и за буквите, тоа се нивно културно наследство. Меѓутоа, јас мислам дека етничките задници во Република Македонија имаат свои матични држави каде што на државно ниво се слават овие личности и се одбележуваат. Ако ние би почнале на сите етнички заедници во Република Македонија на државно ниво да ги славиме нивните значајни настани и годишнини што се слават во нивните матични држави тогаш Република Македонија би требала секој ден да слави настани што се од државно-правно значење на други држави.

Токму заради тоа сметам дека Програмата за одбележување, токму во овој дел за кој што дискутираме треба да се произнесат експертите од Институтот за национална историја, да го кажат своето мислење и да бидеме ние убедени и како пратеници и како Собрание дека се исполнети критериумите дадени во членот 2 од Одлуката за одбележување на јубилејни годишнини, на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија.

И, сосема за на крај, во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ сакав да го искажам нашиот протест за спроведување на бруталните полициски методи врз бранителите кои протестираа пред Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Арифи, имате реплика.

Повелете.

ТЕУТА АРИФИ:

Благодарам почитуван претседателе.

Јас сакам да реплицирам во врска со делот од дискусијата што е во врска со културните датуми поврзани со албанската култура.  Сакам само да ги потсетам тие кои сакаат многу да зборуваат за културата дека културата нема граници и дека не познава граници. И тие кои се обидуваат културата да ја ограничат во тесни дворови, навистина имаат проблеми да ја разберат културата како таква.

Културните вредности се над границите што се поставени историски меѓу народите и државите. Поради оваа причина мислам дека не стои аргументот, аргументацијата на колешката за да покаже или да се обиде да докаже дека датумите што се поврзани со албанската култура немаат место тука.

Личностите што се спомнати како значајни за албанската култура и те како имаат врска со Македонија, затоа што се личности клучни во културата на албанците што се овде, што се дел од оваа држава и мислиме дека вреди да се одбележат и спомнат.

Исто така заштитата и предвидувањата на културните вредности на немакедонците и на сите етнички заедници е едно од клучните начела на Охридскиот договор и истовремено едно од клучните начела на новииот Устав на Република Македонија.

Заради овие причини,  основните причини поврзани со културата на етничките заедници, поради тоа е предвидено двојното мнозинство, затоа што културните вредности се вредности за кои што треба да се ангажираме сите. Мислам дека и културните вредности на македонскиот народ не се изградени само во границите на денешна Македонија, туку се поширoки, затоа што културата е таква. Не можете да ја ограничувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, почитувани министри,

Немав намера денеска да дискутирам во врска со предлогот за значајните настани од областа на културата, но се случи еден настан што очигледно кореспондира со она што се вели култура.

Имено, некои луѓе сеуште се таму, сега јавија дека до “Мустафа-паша” џамија, во потегот на Рубин кармин, што имаа историско и културно значење за Турската заедница во Република Македонија, без дозвола, барем не покажале дозвола, во овој момент се руши.

Не е возможно, во оваа ситуација кога зборуваме за културни придобивки низ историски времиња и историски факти што постоеле, во даден момент едни објекти, во ситуација што во Македонија има многу нелегални изградени објекти што не се рушат, инспекциите и Владата тоа не го прават, да се руши еден објект што има тесна врска со историјатот, со културата на Турската заедница во Македонија. Во тој случај не ми е јасно зошто тогаш би славеле настани што се случуваат ако еден таков објект од насушен карактер, насушна потреба и карактер на Турската заедница се руши без икакво објаснување.

Има историски елемент, историски факт и јас сакам само да информативно кажам и ја искажам мојата резигнираност во однос на ова. Мислам дека е време властите во оваа насока да преземат нешто бидејќи ако тоа се случи, се разруши тој објект што има културно историски елемент во живеењето не само на турската заедница туку и на другите заедници мислам дека сите други настани што денес се промовираат и другите културни настани од Националната програма за култура ќе паднат во вода. Тогаш ќе се покаже во која насока дејствува Македонија во дадениот момент. Пак ќе повторам, ве молам, тоа да го сватите како информација во смисла да се спречи ваквиот вандалозен обид за рушење на еден капитален историски објект, не само за една заедница, туку придобивка за сите граѓани на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Ќахил.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи санкциите и казните не помагаат, првите десет од мене ќе добијат од мене специјална награда, ако дојдат.

Уште еднаш ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите ги молам да го утврди бројот на присутни пратеници.

(Службите го утврдува бројот на присутните)

Во салата се присутни доволен број пратеници.

Значи, Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 58 гласале за, 5 воздржано, а нема ниту еден против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2004 година.

**Минуваме на точката 12 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење на пари.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 6 во новиот член 5-а алинеја 7 и 8, член 14 став 2, член 18 во новиот член 14-б став 2, член 20 во новиот член 15-б алинеја 1 и на став 4, член 25 во новиот член 18-в став 3, член 25 во новиот член 18..

На интервенција од министерот за финансии, има збор министерот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Сакам да го известам Собранието и да ве известам вас дека Владата на Република Македонија го повлекува Предлогот на закон што е доставен и го претвора во Нацрт-закон. Го молам Собранието денеска во расправата да го разлгеда Законот како Нацрт-закон и тоа го правиме со цел дилемите што дополнително излегоа во врска со законот, сугерирани од стручната јавност и дел од расправата во Собранието да го дополниме дополнително во третата фаза со тие измени, за да не се доведеме во позиција на овој закон да доставиме голем број амандмани од страна на Владата што ќе предизвика потешкотии кај пратениците да го следат текстот.

Од тие причини ве молам да продолжиме со расправа како Нацрт-закон за измена и дополна на Законот за спречување на перење на пари.

Едновремено би сакал да ве замолам, со оглед дека постојниот закон за спречување на перење на пари се состои од 35 членови. Со измените дека со измените, знаете дека прво одевме со Предлог за донесување на закон, па сега со Нацрт и во третата фаза ќе одиме со Предлог на закон, а усогласувајќи го законот со сугестиите од европските директиви и од Советот на Европа, практично ќе се доведеме во ситуација дека сите 35 членови на еден или на друг начин ќе бидат изменети.

Затоа предлагам денеска измените да ги разгледаме како Нацрт на закон, а доколку деловникот го дозволува во третата фаза ќе доставиме пречистен текст за да можат и пратениците послободно да го следат текстот во последната фаза за да не биде само со измени и дополнувања, за што сум свесен дека го отежнува начинот на работа во Собранието.

Би ве замолил, доколку е можно по затворањето на Нацртот на расправата да ја задолжите Владата да го предложи предлогот на закон и тоа во пречистен текст со сите измени и дополни што се однесуваат буквално на сите членови на законот. Тоа ќе биде полесно во последната фаза и пратениците да го разгледаат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Според тоа, предлогот на министерот за финансии, Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење на пари на денешнава седница да биде разлгедан како Нацрт на закон, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 56 за, 1 воздржан и 3 против.

Молам да се констатира бројот на пратениците во салата. На мониторот покажува дека се присутни 75 пратеници, меѓутоа можеби картичките не се извадени.

(Службите го утврдуваат бројот на пратениците во салата)

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека предлогот на министерот за финансии овој закон да биде разгледан како Нацрт на закон е усвоен.

**Отворам претрес по Нацртот на закон за спречување на перење на пари.**

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Аднан Ќахил, повелете.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер, останати членови на Владата,

Во денешни услови на глобализирана економија организираниот криминал генерира огромни суми пари од шверц на дрога и оружје, корупција и финансиски криминал. Валканите пари се од мала корист за криминалните групи бидејќи  ги поттикнуваат сомнежите на институциите на системот и оставаат трага и доказ за извршено криминално дејствие.

Криминалците, со цел да остварат бенефит од нелегални активности мораат валканите пари да ги пласираат во финансиски систем на една земја, и да ги извлечат без да остават икаков сомнеж за нивното потекло. Ваквиот процес е познат како перење на пари.

Според Обединетите Нации се смета дека извозот на валкани пари што се перат глобално во една година изнесува меѓу 500 милијарди и 1 трилион долари. А, според Секретарот на САД, за потребите на терористичките напади на Светскиот трговски центар на 12 септември се испрани над пола милјарда долари.

Во светската литература и практика е општо прифатено дека процесот на перење на пари поминува низ три фази:

1. Пласирање на валканите пари стекнати од криминални активности во финансискиот систем,

2. Трансферирање на парите со цел бришење на нивната трага и отежнување на нивното следење и

3. Интегрирање на парите односно овозможување истите да бидат повторно достапни на криминалните групи, но притоа нивното географско - финансиско потекло да биде задскриено.

Првата фаза - пласирање на средствата го означува иницијалниот влез на парите во финансискиот систем. Во оваа фаза валканите пари се пласираат во финансиските институции и други субјекти во системот на една национална економија.

Втората фаза најчесто се состои од серија на повеќекратни трансакции со цел да се прикрие потеклото на парите.

Ова е глобална и всушност најкомплексна фаза од процесот, така што валканите пари може да се трансферираат по електронски пат од една земја во друга, потоа да се пласираат во низа на инвестиции во различни финансиски инструменти, заеми, акции, обврзници и тн. и да се алоцираат на прекуокеанските пазари преку контунуирани трансакции и трансфери од една земја во друга, со цел да се избрише трагата. Притоа секогаш се користат дискрапантите и кохезијата на законодавствата, како и дефектите на судските и полициските процеси во земјата.

Во третата фаза од процесот на перење пари е интегрирањето на парите со што истите се враќаат како целосно легални средства во национална економија и можат да се користат за било која намена. На овој стадиум обично се парите се купуваат луксузни добра и се инвестираат во финансискиот и индустрискиот сектор. Ова е многу битно и важно за да знаеме дека тие во финансиите и во индустријата се инвестираат, а прашањето во последно време е колку тоа се инвестира во тој сектор.

Меѓународен финансиски центар кој се користи за перење пари може да постане таканаречен идеален финансиски рај. Таквиот меѓународен финансиски центар кој ги отвора вратите за нарко дилерите, шверцерите и другите криминални групи често е избегнуван од големите легални корпорации и банки поради можност на нарушување на угледот и рејтингот на истите доколку се докаже дека финансиската институција е вмешана во организираниот криминал. Според глобалната програма против перење пари донесена од секторот на ООН за контрола на дрога и спречување на криминал, таквиот финансиски рај ги има следните карактеристики: одлична електронска комуникација, нема договори за размена на даночни информации со други земји, голем број на туристи, слободна трговска зона, релативна независност од надворешни притисоци, развиен сектор на финансиски услуги и други. Според ООН некои од тие земји финансиски раеви се: Андора, Кипар, Лихтенштајн, Луксембург, Швајцарија, Монако, Малта, Дубаи, Сејшелите, Костарика, Панама и други земји. Ќе забележите доста иако мали, тоа се земји од Европската унија. Со цел да се застане на патот на овој нелегален процес на перење пари, развиени се бројни инструменти, марки и модели на закони од меѓународни институции од Европската унија, ООН, ФАТ и други, како препораки за нивна имплементација на националните законодавства на земјите во светот. Сепак, генерално постојат три основни принципи кои се препорачуваат во борбата против перењето на пари кои треба да ги имплементира секоја земја, а познати како три ФС

системи: пронаоѓање, замрзнување и санкционирање на средствата. Тоа очигледно треба да влезе во законските регулативи на сите земји за да може успешно да се бориме против овие појави.

Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење на пари се понуди како решение за надминување на слабостите на постојниот закон, закон за спречување на перење на пари. За да се постигне ваквата цел и да се зајакне правната рамка и механизмите за спречување на перење на пари, усогласувањето на нормативната материја со препораките на меѓународните институции и организации е неминовност. Ова особено станува значајно по 11 септември од кога постои евидентно засилена борба против тероризмот и сите криминални дејствија поврзани со тероризам меѓу кои и перењето на пари. Во таа насока нормативното уредување на материјата која е предмет на предлог законот, сега нацрт е во нераскинлива врска со функционалните механизми на имплементација на законот. Затоа неопходно е да се потенцира дека капацитетот на органот кој се грижи за прибирање, обработка, анализи и преземање на мерки и дејствија за откривање и спречување на перење на пари е од пресудно значење за спречување на перењето на пари. Токму затоа, неопходно е да се напомене дека предлагачот на законот ја потценува сериозноста на овој проблем на перењето на пари. Во прилог на ова зборува фактот што во Република Македонија главниот носител на активностите за спречување на перењето на пари е Дирекцијата за спречување на перење на пари. Оваа Дирекција работи во состав на Министерството за финансии, речиси една година функцијата директор не ја врши практично никој, директорката е на боледување. За да биде состојбата уште полоша носители на целокупната активност за спречување на перење на пари се сите тројца вработени од кои едно техничко лице, а останатите двајца се лица на кои ова им е прво вработување. Наместо користење на современи системи за комуникација со хриптирана заштита на податоците од Дирекцијата се обработуваат рачно пополнети формулари, по неколку стотици формулари на ден што дополнително го отвора прашањето за квалитетот на работата, но уште повеќе за заштита на тајноста на податоците за кои се обврзани да го направат тоа. Во услови кога Дирекцијата за спречување на перење на пари се наоѓа во една ваква катастрофална состојба и не покажува практично никакви резултати од работењето, со право кај голем број личности од јавниот живот се јавува страв дека податоците кои се собираат по службена должност при идентификација на клиентите, при

следењето на трансакциите и слично постои можност да бидат злоупотребени за дневно политички цели. Ваквата состојба на Дирекцијата за спречување на перење на пари практично јасно укажува на фактичката неможност за справување со проблемот и вршење на нејзините основни функции. Перењето на пари е софистицирана форма на криминал чие сузбивање бара континуирана обука и надградба, како и соработка со сите субјекти кои учествуваат во спроведувањето на законот. Затоа е неопходно постоење на добро екипиран орган кој ќе има јасно дефинирани цели и одговорности за следење, за спроведување на легислативата и формулирање на политиките за спречување, на издавање на насоки како и координација на активностите за различни субјекти кои преземаат дејствија за спречување на перење на пари. Исто така, дискутабилно е решението што повторно ќе се навратам на ова решение, во член 14-в од предлог законот, т.е. сега нацрт закон со кој се забранува вршење на готовинско плаќање, односно примање на готови пари во износ од над 15.000 евра од причини што ваквото законско решение отвора можност и за наплата на високи банкарски провизии кои дополнително ги обременуваат физичките лица. Ова се напоменува особено од причини што не ретко гореспоменатите плаќања се вршат заради задоволување на елементарни животни потреби како купување на стан, автомобил, земјиште и тн. Затоа, останува заклучокот дека предложениот закон за измена и дополнување на законот за спречување на перење на пари, неможе да го спречи перењето на пари, но затоа пак ќе отвори уште поголем простор за почеста злоупотреба на неговите аномалии. Не е спорно дека модернизацијата и усогласувањата на легислативата со современите трендови е неминовност, но мора да се напомене дека сето тоа е безпредметно доколку се игнорираат практичните проблеми кои претставуваат главна пречка за примена на овој закон. Сакам да потенцирам дека потребата за носење на ваков закон постои. Ние треба да донесеме закон за спречување на перење на пари. Тоа е неминовност, но треба да направиме напори тоа да биде во координација и да има сукцесија во однос на применливоста и инкорпорирање на другите закони кои се од оваа сфера. Значи, да има една целина.

Затоа, јас ќе коментирам неколку решенија во врска со ова кажав, првиот предлог за 15.000 евра. Значи, на овој начин ние со методи кои не се својствени на пазарна економија укажуваме и кажуваме дека луѓето треба парите да ги стават во банка ако сакаат да го извршат плаќањето. Сакам да направам една јасна дистинкција, дека е во ред да бидат регистрирани тие над 15.000 евра. Но, не треба

да се направи ограничување, барем не административно ограничување и да мора преку банка да се случуваат тие работи. Значи, мораме да направиме јасна дистинкција, да не правиме замена на тези, дека тоа ќе било борба во функција на спречување на перење на пари. Можеби, но би требало банките да работат на систем на пазарно економско прилагодување, да овозможат на тие луѓе банките да ги следат и да бидат дел од нивното финансиско работење, да биде некој природен тек тие луѓе да внесуваат пари во банките, а ќе се согласите поради икс случувања во минатото луѓето ја изгубија довербата во банките. На банките им претстои голем период на адаптација за да добијат доверба на луѓето, тие едноставно да се вратат во банките. Мислам дека направив една анализа, но не е ни време, место, сега да се направи во овој период компаративна анализа во врска со регулативите во околните земји. Никаде не стои, значи ако веќе споредуваме со околните земји, никаде во тие нивни регулативи не стои дека има обврска да биде во банка и преку банка да се извршат плаќањата. Има обврска за пријавување, но нема обврска да биде тоа преку банка. Значи, пак ќе повторам, прифатливо е решението над 15.000 евра да се евидентира, но да биде плаќањето само преку банка, мислам дека апсолутно не е прифатливо решение и тоа укажува на административно техничко координирање, укажување дека банките се тие што треба да ги направат плаќањата и тие ќе бидат во привилегирана ситуација токму со закон.

Потоа, овде се вели, со новиот член вели над 2.500 евра во менувачници кој ќе зема пари, купува пари едноставно треба да се евидентира. Мислам дека тој лимит е многу мал. На овој начин ќе се повампири црното работење на девизниот менувачки пазар кој сега моментално е доста смирен. Разликите да не кажам, условно да кажам црниот пазар и легалниот пазар се многу мали. На овој начин сигурно ќе се повампири тоа и луѓето ќе почнат да менуваат пари на улици, како што бевме сведоци во блиското минато дека се случуваат тие работи. Ваквото решение не е добро. А покрај овие има и други недостатоци што за тоа дискутиравме на комисијата.

Со новиот член 15, приредувачи на игри на среќа имаат обврска да го утврдат идентитетот на клиентот кој разменил жетони и остварил добивка поголема од 10.000 евра. Јас ве прашувам, ако тоа не се направи при влезот во салите кој влегол, како влегол, да се утврди идентитетот. При самата игра како тоа ќе го направи, како тоа ќе го овозможи, мене тоа не ми е јасно како ќе се направи. Тука тоа детално не е кажано, а мислам дека многу подобро решение е кога се влегува во

тие сали да се идентификува како што впрочем секаде во светот праксата е таква. Никако не може во текот на играта некого да го идентификуваш. Во тој случај јас ова го толкувам дека имаш законска регулатива, неприменлива е и на тој начин тоа е едно тесно грло на кој начин може да се ефектуираат и тие пари кои не би требало да се идентификуваат.

Она што е битно што би сакал да кажам, начин на размислување во Македонија да ние долго време, а незнам кој од излагачите кажа дека анализите од минатото покажуваат дека во Македонија над 45% е сива економија. Ако не ги пријавиме тие пари во системот, значи на црно, нема документи, нема пријава никаде. Во светот на црно работење се мисли дека ако се внесе во системот пари, значи црните пари од некаде се внесуваат во систем, се легализираат. Кај нас сеуште го има тоа размислување и многу црни пари, сива економија, пари со потекло од сива економија, токму тие пари се вртат. Би требало за да има некој тек на работиве, оваа сива економија да се сведе на најмала можна мерка, бидејќи на кој начин ќе ја контролираме таа сива економија ако направиме на пример контролата да биде во банките, или во начините на движењето на овие пари. Затоа, јас врз основа на компаративни анализи што направив во врска со ова со неколку земји од околината и пошироко, можам да ви кажам некои препораки во врска со овие работи. Значи, правејќи компаративна анализа на македонскиот предлог, на Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење на пари со законите на земјите од Балканот и пошироко, можат да се извлечат следните заклучоци, забелешки и препораки во насока на унапредување на македонската легислатива. И пак ќе повторам дека има потреба за носење на овој закон, сигурно дека ова е еден од темелните услови за да може Република Македонија да влезе во Европската унија и сите модерни теркови на финасиското економско работење. Но овие заклучоци мислам дека се добронамерни во правец на подобрување на текстот, добро е што е и нацрт и би сакал да ги кажам овие работи. Македонија е единствена земја од Балканот и пошироко која не е моментално членка на Егмонд групата, бидејќи самата дирекција за спречување на перење на пари летово побарала одложување на приемот, затоа што не е веќе операционално. Дирекцијата мора во најскоро време адекватно да се екипира и повторно да аплицира за прием во Егмонд групата преку која меѓународно се разменуваат информации за перење на пари.

Второ, Македонија не е членка на ФАТ иако ги исполнува повеќето од критериумите за членство. За да бидат задоволени условите Република Македонија мора во иднина да спроведува само евалуација на степенот на имплементација на мерките и инструментите за спречување на перење на пари.

Трето, во ниеден од законите за спречување на перење на пари во земјите од регионот не постои ограничување, ова е многу важно, готовинските трансакции над 15.000 евра да мора да се реализираат преку банка, како што се предлага со сегашните измени на македонскиот закон за спречување на перење на пари.

Четврто, во 8-те препораки од ФАТ за спречување на финансирање на тероризмот изрично се наведува деак во законодавството на земјите треба да се обрне поголемо внимание на перењето на пари преку невладините организации, здруженија, граѓани и фондации. Меѓутоа, во македонскиот закон за спречување на перење на пари невладините организации не се воопшто споменати.

Петто, по видовите на субјектите со обврска за преземање на мерки за спречување и откривање на перење на пари што се предлага со новиот закон се изоставени правните и физички лица што се занимаваат со промет на автомобили и други транспортни средства, иако во законите на некои земји на пример Црна Гора тие се јасно наведени на листата на субјекти.

Шесто, во новиот предлог на закон не постои обврска на осигуритени друштва за идентификација на клиентите кога ратата на премијате е над 1.000, односно 2.500 евра, иако таа препорака е имплементирана во законите на сите земји.

Седмо, за разлика од законите во повеќето земји во македонскиот закон за спречување на перење на пари делот од меѓународна соработка е многу мал и многу општ. Исто така, согласно законите на балканските земји во надлежностите на дирекцијата треба да се специфицира и обврската за објавување на список на некооперативни земји кои не ги исполнуваат стандардите за спречување на перење на пари.

Осмо, во делот на обврските на царинската управа задолжителната идентификација на клиентот треба да се прошири од готовина и хартии од вредност на благородни метали и скапоцени камења. Тоа е многу важно да се напомене.

Деветто, со новиот предлог на закон се воспоставува обврска на приредувачите на игри на среќа за идентификација на клиентите со размена на жетони, или остварена добивка над 1.000 евра. Иако во анексот од над 40-те препораки на ФАТ јасно се вели дека за казината петта и 12-та препорака

задолжителната идентификација на клиентите треба да биде при размена на жетони, и остварување на добивка над 3.000 евра. Значи, во дадени моменти препораките или се модифицираат, или пак не се применуваат, тоа веројатно предлагачот знае зошто тоа го направиле. Македонија според препораките на Советот на Европа, ФАТ мора континуирано да продолжи со развој и зајакнување на легислативата и инструментите за спречување на перење на пари, бидејќи нејзината географска локација е особено погодна за транзит и шверц на дрога, оружје, перење на пари, финансиски криминал и низа други криминални активности. Значи, сите препораки и она што е идејата основна е добра и ние треба да работиме во тој правец. Но овој нацрт треба да се допрецизира да биде во правец на инкорпорање на препораките од Европската унија и пошироко за да можеме едноставно ние во регионални рамки и пошироко да соработуваме за да можеме да ги спречиме криминалните дејанија. Ако тоа не се направи, ако немаме правилен закон, а исто така правилна екипираност на луѓето во рамки на Дикрекцијата за перење на пари, а исто така таа Дирекција во рамки на Министерството за финансии сигурно овој како што и впрочем и многу други закони ќе остане мртво слово на хартија затоа што ќе имаме закони кои се неприменливи, а дека се неприменливи констатиравме и на самата комисија од кажувањата на многу експерти во врска со ова дека имаме закони неприменливи и сигурно ќе не доведе во еден ќор сокак, имајќи такви закони да не можеме да ги реализираме, а тоа ќе биде рефлексија и реперкусии во нашиот иден прием во Европската унија. Сигурно покрај другите закони што треба да ги донесеме еден од најважните закони е овој начин на спречување на перењето на пари.

Јас би молел предлагачот, ресорниот министер да ги има во предвид овие укажувања, ова се добронамерни укажувања но очигледно дека се испуштени поради незнам кои причини. Но, ако бидат инкорпорирани, мислам дека ќе постигнеме консензус во врска со овој закон што е неопходно потребен, пак ќе кажам, во модерните текови на финансиско - економско работење во Европа и пошироко во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Ќахил.

Има збор господинот Ангел Димитров, бара реплика, има три минути.

Повелете.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Благодарам господине претседателе,

Мислам дека колегата Аднан Ќахил кога така успешно ги користеше сите податоци од Компаративната анализа што ја изготви истражувачкиот тим од практиканти во Собранието, господин Ненад Ристовски и Симон Пулевски, би требало да им заблагодариме на овие практиканти за вложениот труд. Инаку, мислам дека освен тоа освен правилниот назив Закон за спречување на пари, тој го нарекуваше закон за пезрење на пари, другото беше искористено се од овие практиканти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас мислам дека практикантите се затоа и овде.

Повелете господине Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Неразбирам која беше поентата. Ако сум испуштил еден збор, а тоа е за спречување, всушност закон за спречување на перење на пари јас се извинувам. А кој подготвил документација, тој требало да види дека јас не дискутирав врз основа на еден документ што е пишан, покажувам дека има еден, втор, трет документ (ги покажува документите на пратениците), а кажав многу работи што лично ги знам, мислам дека беше во насока на подобрување на текстот. Во ниту еден момент не кажав дека сме против овој закон или нема да гласаме за овој закон. А, кој подготвува, тоа е мое прво и право на пратеничката група.

Впрочем, да ви кажам секој ден сме сведоци како вие добивате готови текстови, па не знаете ниту реплики да давате на тие готови текстови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, завршивме тука.

Повелете господине Славе Арсовски.

По него е пратеникот Абдулаќим Адеми.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани министри, претставници на Владата, колеги пратеници,

Да, непобитен е фактот дека ваков закон, односно во конкретниов случај како што беше предложено измени и дополнувања на постојниот закон за спречување на перење на пари, во конкретниот случај нацрт, не е ништо спорно, може да се констатира дека е од насушна потреба за Република Македонија. Јас би истакнал

дека постојниот закон таков како што беше, донесен во август 2001 година, а во примена од март 2002 година, не ги даде очезкуваните резултати што на ова поле многумина ги очекуваа.

Дирекцијата за спречување на перење на пари, многу битна институција за спроведување на самиот закон во минатиов период ниту кадровски, ниту технички доволно не се опреми да одговори на предизвиците на ова поле, во овие финансиски трансакции што се вршат во нашата земја. Треба да знаеме дека е многу опасно за секоја земја, па и за нашата земја, нелегално стекнати финансиски средства да се внесат во финансиските легални токови.

Самата земја и со такви дејанија, може да има далекусежни последици за самата земја, не само од економско финансиска гледна точка, туку и од безбедносна, социјална и тн.

Факт е дека, не само кај нас тукуи во светот, има перење на пари, организиран криминал, валкани пари по разни основи, дали по основ на дрога, оружје, проституција и т.н. Како што претходно истакнав многу е  опасно ако влезат во легалните финансиски токови кои понатаму, на носителите на истите може да им донесат и соодветни бенифити, по основ на пласман на ваквите пари.

Лично сметам дека прдложените измени и дополнувања, фактички сега и како нацрт и во понатамошниот текст, во изготвувањето на самиот закон, ќе  се земат предвид, доста се квалитетни. Може да се каже дека се работи, ова што и министерот го кажа, а јас сакам да кажам дека  овие измени и дополнувања се концепираат како еден нов закон кој можеби  ќе придонесе за успешно справување со вакви дејанија, кои , за жал, како што и претходно истакнав, присутни се кај нас. Ние не можеме да речеме дека сме имуни на такво нешто. Ние бевме сведоци во минатиот период дека преку ноќ со торби пари, од шофери станува банкари, од поединци, сопственици на претпријатија, од судски процеси, со огромни кауции да се ослободуваат од притвор и т.н. , никој не го поставуваше прашањето од каде се тие пари, дали се стекнати на легален или нелегален пат. Одговорот се знае, бидејки такви бројки некому му се вртеа во главата.

Добро е што дел од нашите забелешки што беа искажани во првата фаза, беа прифатени и се составен дел на предложените измени и дополнувања. Според мене доста се значајни измените кои се однесуваат на утврдувањето и разграничувањето на финансиските институции и субјекти, кои имаат обврска да преземаат мерки и дејствија за откривање и спречувањето на перењето на пари. Илузорно е да

очекуваме само Дирекцијата за спречување на перење на пари дека успешно ќе се справи соовој проблем. Повеќе институции, и од финасиската сфера, мора да соработуваат, да се надополнуваат, да можат да го спречат тоа, но во крајна линија да не гаиме илузии да го искоренат тоа зло. Тоа значи дека и Управата за јавниприходи и Царинската управа и Антикорупциската комисија и МВР, Јавното обвинителство, повеќе институции, во една координирана соработка ќе можат да се справат и успешно да спречуваат некои вакви незаконски дејанија.

Можеби не повеќе дилеми се создаваат кај зголемвуањето на износто кој е предмет на трансакција, од 10 на 15 иљади евра, како промена што се предлага од постојниот Закон. Нешто г-динот Ќахил зборуваше за тоа и не го оправдуваше, има спротивно мислење. Добро е ваквите износи, што фали, секаде така е направено, тоа безготовинско плаќање да се врши преку соодветни финансиски институции, во конкретниов случај тоа се банките. Со тие трансакции ќе биде едно олеснување на самите клиенти кои ги вршат овие трансакции.

Се поставуваше прашањето на Комисијата за финансирање и буџет и постоеше дилема дали со тоа банките нема да остварат соодветни провизии, па клиентите ќе бидат оштетени и т.н. Сигурно во банките таа сума одреден период одлежува и банката ги врши тие услуги без да наплаќа соодветна провизија.

Исто така со новит член 15-в фактички се намалув аоној износ на идентификација каде имаме замена на износот од 5000 на 2500 евра и да се врши соодветна идентифиакција каји менувачниците и т.н. , мислам како решение е добро. Нема ништо спорно во тој дел.

Исто така новина е утврдувањето на обврската за доставување на податоци до Дирекцијата, за сите сомнителни трансакции, тоа што претходно го истакнав, тоа што се надлежни повеќе институции кои се вклучени за спречување на вакви нелегални финансиски токови, за готовинските трансакции над 15 иљади евра и за поврзани трансакции, чии износ е исто така над 15 иљади евра.

Во првата фаза исто така се расправаше, имајки ја во вид спецификата на адвокатите и нотарите што ја вршат таа дејност. Сега конкретно во став 2 од член 18, прецизно се утврдени случаевите на адвокатите и нотарите, што треба да направат во тој дел.

Битно е што новите измени и дополнувања на законот генерално се во согласност со препораките на ФАТАФ и директивите на ЕУ. Нашата земја сеуште не е членка на ФАТАф, како меѓународно тело, чија цел е развој и промоција на

национални и меѓународни политика, за борба против финансирањето и перењето на парите.

Сметам дека, еве сега како Нацрт закон кој ќе оди во последна фаза, штопобрзо Дирекцијата за спречување на перење на пари, кадровски и технички да се опреми и да може да одговори на задачите пред кои ќе биде исправено.

Она што претходного истакнав дека постоеле такви нелегални финансиски трансакции и Дирекцијата со такво кадровско и техничко опремвуање ќе може да одговори на своите задачи и успешно да се справи со овие проблеми.

Ние како пратеничка група на СДСМ, овие измени и дополнувања, во конкретниот случај како Нацрт во понатамошната расправа на телата, сметаме дека ќе се подготви и ќе се донесе еден закон кој ќе одговори на потребите на нашата земја и во оваа сфера успешно ќе се справуваме со нелагалните финансиски пари, со спречување на перење на пари, а против сите оние инволвирани страни, треба да се преземаат ригорозни мерки, иако се предвидени во самите предлог измени, а се разбира и во кривичниот законик, ригорозно сите ќе се казнуваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Сакам да му реплицирам на г-динот Арсовски. Имено во самиот старт не беа во ред изјавите за шофери, банкари, судски процеси, од каде се парите, затоа што оваа држава не постои од 1998 година. Незнам како не се запраша г-динот пратеник каде се парите од приватизацијата 1994-1998 година, кој ги има тие пари, не проговори за банкари и министри, не проговори за министри и бизнисмени со милионски суми, но , тоа е нешто друго за тоа ќе се говори друг пат.

Јас  сега би сакал да кажам нешто повеќе затоа што декларативно сите се залагаме и кажуваме дека  треба декларативно да се бориме против перењето на парите. Но, што се случува? Единствено Македонија во август 2003 година, значи не вопретходната Влада, тукуво оваа Влада, се откажува од учеството во ЕГМОНД групата, затоа што не е спремна да прифати и не може да биде членка каде што се 88 членки, во моментот. Исто не сме членки, како што кажа пратеникот, на ФАТАФ. Значи ова останува само декларативно, ние ќе говориме, огромни средства и понатаму влегуваат во Македонија и некој друг после тоа ќе зборува за перење на пари, мислам не ние, затоа што не можевме тоа да го видиме ниту да го докажеме сега, но некој ќе го докаже.

Кажувате дека е добро безготовинското плаќање, затоа што треба да оди преку банка и значело олеснување на граѓаните. Олеснувањето ќе бид е сигурно 1 до 2% банкарска провизија. Тоа е најдоброто што може да го снајде секој штедач. А она што гинајде штедачите во Република Македонија , дали е тоа стара девизна заштеда, дали е "ТАТ", кога ги ставија парите во банките и едноставно ништо не остана од сите тие пари. Кажете ми што е подобро. Дали "ТАТ" не е перење на пари и каде се тие пари? Се работи за 75 милиони евра, не се работи за шофери, за транспорти, незнам за што зборувате тука.

Исто така за идентифиакцијата. Со што вие ќе ги запрете? Со законот кажувате од 5 иљади на 2500 илајди евра. Од каде пари? Вие ќе поминете по 10 по 20 менувачници, по 2400 евра, никој нема да ве идентификува , а кај вас ќе имате 24 иљади евра. Сега што, ние носиме закон. Треба да најдеме начин како тоа да се спречи. Не самод а кажуваме ова е добро, она е добро. Дајте да размислиме како тоа ќе функционира. На прв поглед се може да изгледа дека е многу добро.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има г-динот Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Колега Мавровски јас не спомнав ни вие ни ние. Јас спомнав дека тоа како појава е присутно кај нас. Не направив поделба на некој период пред 1998 и после 1998 година. Факт е, реков дека таков закон е потребен и како такво треба да профункционира. Во 2001 година е донесен, со примена од 1 март 2002 година. И тогаш не се применил, како и сега, морам да констатирам и по тој основ се согласуваме дека треба да се приени и да се спречи она што може да се спречи.

Второ, во врска со бакарската провизија, да не се пласираат вакви изјави дека 1, 2 или 3% се земаат . Паушални се овие изјави. Банките се тие институции кои вршат финансиски трансакции. Парите ее во банка, банката ги врши тарансакциите, без да наплати провизија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Абдулаќим Адеми.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитуваниколеги,

Во борбата против корупцијата ние  како парламентарен состав сме усвоиленеколку закони. Исто така сме формирале и Комисија за борба против корупцијата.

Усвојвуањето на овој закон, законот за спречување на корупцијата за перење на пари ние го сметаме во рамките на борба  против корупцијата штоја води оваа Влада.

Врз основа на Предлог законот се предвидува формирање на управа за спречување на перење на пари.

Во членот 5-а се наброени надлежностите на оваа Управа. Нема да навлегувам во тоа да ги набројам сите надлежности, затоа што врз основа на досегашното искуство во Парламентот, ова сигурно ќе го направат пратениците од опозицијата кои само знаат да го читаат законот.

Со овој Предлог закон во кои се наброени неколку органи, кои покрај другите активнсоти што ги вршат, врз основа на овој закон за спречување на перење на пари, треба да ги следат трансакциите, сумата на трансакции и т.н. Овие органи се: Царинската управа, менувачниците, органите кои нудат услуги врз трансфер на пари и приредувачите на игри на среќа. Со законот кој се предлага на овие органиим се даваат инеколку дополнителни обврски.

Во членот 15-б, Царинската управа е приморана, без оглед на сумата на пари кои влегуваат во државата, ако постои сомнеж треба да ја извести Управата за следење на перењето на пари. Мислам овде може да постои субјективизам и оваа одредба да се злоупотреби.

Исто така во членот 15-в се спомнуваат менувачниците кои се обврзани за трансакција или менување на пари во сума над  2500 евра и треба да го идентификуваат лицето кое го прави тоа.

Исто така во членот 15-г, понудувачите на брз трансфер на пари кои исто така се приморани за сума на 2500 пара да го идентификуваат клиентот и приредувачите на игри на  среќа за сума над  1000 евра. Ако нивниот клиент купува жетониза супа поголема од 1000 евра, е приморан да биде идентификуван.

Овде треба да го имаме предвид дополнителниот товар што ќе го имаат овие институции и колку овие дополнителни товари ќе влијаат врз нивната дејност, кој ќе биде ефектот на овие мерки. Мислам овде треба да се направи балансирање меѓу дејствата што ги развиваат тие и меркит екои треба да ги превземат овиеинституции, за спречување на перење на пари.

Во членот 15 каде се вели, кога постои основа за сомнеж дека во текот на трансакцијата имаме работа со перење на пари, овде се остава широк простор за субјектите кои ја следат оваа дејност, за манипулација и злоупотреба на оваа одредба од нивна страна. Треба добро да се дефинира што се подразбир апод терминот сомнителна трансакција, кој е субјектот што треба да ја следи таа сомнителна трансакција и што ако во текот на следењето на сомнителната трансакција која се врши некогаш јавно и на крај се констатира целата трансакција на парите е во ред и нема перење на пари. Меѓутоа, сите констатации и сомнежи може да имаат и негативни последици врз организациите или разните компании. Мислам дека треба да се предвиди и оштета за тие субјекти кои се оштетениво текто на постапките, кои се следат и на крај се објавуваат како невини.

Во фазите кога ние како држава сакаме да стимулираме инвестиции од надвор, овие работи треба да се предвидат во овој закон , треба да се анализира колку со овеи мерки се влијае врз инвестициите, меѓутоа не треба да се дозволи Република Македонија да се претвори во држава каде се перат пари. Затоа треба да се нарпави балансирање меѓу овие појави што ги спомнав претходно.

На крајот да нагласам дека ние ќе го подржиме донесувањето на овој закон, затоа што со усвојвуањето на истиот се бориме против корупцијата, перењето на пари , а со истиот се прави усогласување меѓу легислативата и Европската Унија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

На почетокот сакам да кажам за две кратки работи. Прво, денеска министерот не истестира колку сме спремни да расправаме по законот ако се припремаме за амандмани. Меѓутоа, некако се префрливме на друга расправа. Имав јас амандман поднесен, така да се припремам за амандманот и сосема кратко ќе кажам некои општи работи.

Втората работа што сакам да ја потенцирам, ми е чудно зошто секогаш во овој Парламент се вжестува атмосферата и нервозно се реагира кога се расправа за закон за спречување на перење на пари, за закон како што се јавните набавки, не знам кој колку си ја има “мувата на капата” и ние пратениците од ЛДП најмирни сме во таа атмосфера и најмалку реагираме. Мислам дека не треба така да ја вжестуваме, да реагираме на работи кои што се факт во Република Македонија и

напротив треба да се бориме против тие појави, а не да ја префрлуваме кривицата од едни на други и така да поминува времето.

Конкретно сакам да кажам дека денеска имаме два закона кои што во овој изминат период Република Македонија како од јавното мислење од Република Македонија, така и од релевантни меѓународни фактори, години наназад е укажувано и е критикувано и трпиме критики до ден денеска, тоа е законот за спречување на перење на пари и законот кој што ќе го гледаме после за јавни набавки. Затоа, првиот мој став е дека ние без одлагање и што побрзо мораме да го донесеме овој закон кој што денеска министерот по предлог на Владата го предложи во вид на нацрт дека што побрзо да донесеме едно квалитетно решение. Се надевам дека нема да донесеме закон кој ќе важи после кога ќе ни завршат мандатите нам овде на пратениците и функционерите кои што ги имаме избрано. Напротив треба да донесеме закон кој што треба што побрзо да се донесе и да почне да важи од сега додека сме ние овде на овие функции. Конкретно за законот сметам дека и во дефинирањето на поимите и во решенијата кои после се нудат, треба точно да се дефинира дека перењето на пари е криминал не само кај нас, туку како што е регулирано во повеќето земји. Заради тоа е многу битно за законските решенија кои што ќе бидат предложени во конечната верзија да се предвиди точна организираност и екипираност на органи кои што ќе се занимаваат и кои што ќе ја пратат областа за спречување на перење на пари. Затоа треба точно да ги дефинираме изворите на валканите пари во Република Македонија. Секојдневно читаме во весници и јавноста не упатува од каде се тие извори, но некако се плашиме да ги кажеме и ние од позицијата, а уште помалку овие од опозицијата.

Второ, треба да ги лоцираме дејностите кој најчесто во Република Македонија во кој што најчесто дејности се вршат активности како извори на валкани пари и трето да ги одредиме каналите во кој што се движат валканите пари. Врз основа на тие анализи, ние можеме да донесеме квалитетно законско решение, во спротивно, ќе пропишеме некое законско решение имагинарно ќе нудиме решение. Сега сакам конкретно со оглед на тоа што некои претходни дискутанти го образложија амандманот, кој што јас го имав поднесено за денешнава расправа, тоа е околу членот 14-в, околу плаќањето на готовинските плаќања над 15 илјади евра. Ова прашање го отворивме на Комисијата за финансирање и буџет, беше присутно и во јавноста и сметам дека кога веќе изнесуваме податоци по однос на овој член, треба да бидеме доста внимателни да не им нанесуваме штети на нашите банки. Прво

околу провизиите. Со оглед на тоа што го предложив овој амандман и дискутирав на Комисијата за финансирање и буџет, се заангажирав малку повеќе, сметам дека не е коректно да се спомнуваат провизии од 1, 2, 3, 5% на штедни влогови, од она што јас имав прилика да го осознаам. Најмалата провизија која што ја наплаќа банка во Република Македонија за штедни влогови е 0,2%, а најголемата е 0,5%. Така да не оперираме со други провизии од она што јас имав прилика да го осознаам. Додека провизиите за плаќање во готовина преку банка, без штедни влогови се повисоки од овие кои што јас ги имав, но незначително. Сега зошто го предложив јас тој амандман и сметам дека сега кога расправаме општо за законот, сметам дека треба да се предвиди за плаќањата на 15 илјади евра кои се извршуваат во готовина за купување на стан на член од потесно семејство, кога семејството нема друг стан на негово име, или купување на автомобил и притоа семејството нема друг автомобил на потесен член на семејството, сметам дека не треба да го бараме перењето на пари таму, ако некое семејство нема воопшто стан. А за семејство кое купува 2, 3 или 4 стана, тука можеме да бараме перење на пари или ако купуваат 3, 4 луксузни скапи автомобили можеме да бараме перење на пари. По моето убедување перењето на пари не можеме да го бараме за купување на еден стан, или еден автомобил, што е нормална потреба. Затоа амандманот кој што го предложив, со оглед на тоа што го поддржувам и се залагам и со законот треба да го стимулираме безготовинското плаќање, како на правните и на физичките лица во Република Македонија, а од друга страна да придонесеме да се канализираат повеќе парите во банките, би предложил да се овозможи плаќање во готовина за купување на еден стан во едно семејство и еден автомобил, притоа, ако има доказ дека потекнува од штеден влог во банка. Притоа, сакам да образложам со неколку реченици. Не го приморуваме тој човек да плаќа преку банка провизија, а од друга страна обезбедуваме парите да влезат во банкатските токови и да имаме доказ тие потекнуваат од штеден влог во банка. Банките такви потврди издаваат. Сметам дека во наредната верзија на законот тоа ќе биде предложено.

Со ова би завршил и во името на пратеничката група на Либерално демократската партија ќе го поддржиме овој закон и уште еднаш апелирам донесувањето да биде што побрзо на една од нашите наредни седници.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јавува г. Аднан Ќахил:

АДНАН ЌАХИЛ:

Чувствувам потреба да дообјаснам во врска со провизиите што јас истакнав во врска со плаќањата преку банка дека провизиите се високи, не се паушални, можете да проверите од пред неколку дена особено во оваа Комерцијална банка пишува трансакции над 20 илјади денари кои се вршат преку банка се наплаќа провизија меѓу 2 и 3%. Значи тоа не се измислици туку се тие провизии кои се истакнати и можете да ги проверите. Ако се трансакции за 20 илјади денари меѓу 2 и 3% не знам колку ќе биде за 15 и над 15 илјади. Сакам да објаснам дека овие бројки не се паушални туку се факти кои постојат во банките.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Можеби се препозна господинот Ќахил. Јас тврдам дека провизиите на банките за штедни влогови во Македонија не се поголеми од 0,5%. Но затоа реков за некого и 0,5% при купување стан, ако ги уштедил 30 години, 40 години се високи. Затоа на Комисија предложив ваков амандман. За овие податоци за штедни влогови тврдам во Македонија се од 0,2 до 0,5%. Барем од оние банки од кои јас ги добив податоците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само да ја отстраниме дилемата. Нема опасност граѓаните да се плашат дека прелевањето на кеш плаќањата за големи суми од 15 илјади евра преку банкарскиот систем ќе внесат дополнителен трошок, затоа што провизиите во банките за такви плаќања се на малите суми фиксни и како растат сумите така растат и процентните зафаќања, меѓутоа, тие се помеѓу, како што кажа и господинот Најдовски, од 0,2 до 0,4 до 0,5% и после како се зголемува сумата тие повторно стагнираат, затоа што се зголемува апсолутниот износ. Или на трансакција од 20 илјади евра за некоја полуксузна кола 60 евра би била трансакцијата од 0,3%, така што нема опасност ова да ја загрози финансиската моќ на тој што купува нешто, меѓутоа, од аспект на државата ќе овозможи евиденција за кеш трансакции, кој од наш агол гледано не се така мали и во Европската унија се истите износи, а нашиот стандард отприлика е 10

и повеќе пати понизок од тој. Значи релативно ние би требало да одиме и со пониски износи за да го стигнеме стандардот, меѓутоа, 15 илјади одредивме, иако е тоа предмет на дискусија. Уште еднаш ќе преоцениме дали да оди нагоре или надолу таа сума, меѓутоа, главно е дека не претставува реална опасност за граѓаните.

Второ, самата трансакција и евидентирањето во банката не значи дека граѓанинот што ја извршил таа трансакција дошол под удар на законот за спречување на перење на пари. Тоа е само евиденција. Доколку во понатамошен тек се утврди се повторуваат голем број на трансакции се нема потекло на пари и така натаму, тогаш дури Дирекцијата ќе почне да истражува во соработка со другите органи. Инаку, граѓаните кои со свои заштеди долгогодишни, од плати, од други приходи, дури граѓаните кои имаат капитални приходи од сопственост ги имаат парите и тоа можат да го покажат најнормално, не треба да се плашат од таквите трансакции. Значи овие трансакции се насочени само кон оние граѓани кои имаат прилив по основ на неиведентирани активности. Тоа се најчесто шверц, бавење со активности како што е дрога, избегнување на плаќање на данок во огромна сума и тие пари се појавуваат некаде и се колектираат во системот на Дирекцијата. Инаку да укажам дека господинот Ќахил и претходниот е во право дека Дирекцијата сеуште не е оспособена тоа да го прави. Меѓутоа и тој процес се движи и се надевам дека во едно догледно време ќе дојдеме во ситуација да можеме да бидеме компактибилни, па дури и да разменуваме меѓународни информации со другите органи во другите држави во врска со граѓани кои тука и на друго место, или странски државјани во Република Македонија вршат трансакции, за да се вклучиме во целиот систем.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски вие имате реплика на г. Најдовски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека г. Најдовски беше во право кога се работи за становите и господинот министер пропушти една голема ситуација. Во моментов стан од 30 илјади евра е поскап за некаде повеќе од 4 илјади евра, или тоа се 240 илјади денари, или тоа се 12 плати по 20 илјади, ако ги зама човек месечно. А бидејќи нашите граѓани земаат месечно по 6 илјади денари тоа се цели тригодишни плати на еден наш граѓанин. Значи ДДВ кое е покажено од 15 на 18% ги покачи становите за 13% и ова покачување дали е 0,5 или 0,3, мислам дека влегува во сето ова и дека

тоа е она што овие граѓани ќе ги оптовари уште повеќе. Мислам дека тука беше целта на сето ова.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува нацртот на закон за изменување и дополнување на законот за спречување на перење на пари.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Ги молам пратениците да влезат во салата, а службите да го утврдат точниот број пратеници.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, сите гласале за предлогот, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 13 - Предлог на закон за дополнување на законот за доброволно предавање и собирање на огнено оружје, муниција, експлозивни материи и за легализација на оружјето.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Коста Прешоски, Наташа Биковска и Никола Апостоловски поднесоа амандман на член 1 за додавање нов став 5 по став 4 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на членот 1 за додавање нов став 5 по ставот 4, поднесен од пратениците Коста Прешоски, Наташа Биковска и Никола Апостоловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Господине претседателе, Владата не го прифаќа овој амандман, затоа што со Предлог законот ние ја утврдуваме само надлежната институција. Министерството за култура, а потоа Министерството за култура врз основа на нивните стручни сознанија да определи која институција тоа би се чувало.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор.

Повелете госпоѓа Биковска.

НАТАША БИКОВА:

Почитуван претеседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани пратеници,

Ќе ми дозвлите во името на сите предлагачи да го образложам амандманот.

Во рамките на веќе предаденото оружје има пушки од Турската империја, парчиња на орижје од Втората светска војна, оружје кое им припаѓа на видни личности од јавниот, политичкиот и воениот живот, како и на личности носители на партизанска споменица. Поради тоа Владата сосема оправдано и за поздравување е што интервенира  во членот 9 од постојниот Закон, со што ќе се обезбеди заштита на нашето културно богатство на Република Македонија. Имено, ќе се спречи уништувањето на предаденото оружје, за кое формираната комисија ќе оцени дека е од уметничко, историско и културно значење, а истото е предвидено да се предаде на Министерството за култура.

Токму овде почитувани пратеници, е нашата амандманска интервенција, која гласи:

“Предаденото оружје на Министерството за култура ќе се отстапи на Музеј леарница при Историскиот музеј во Крушево”

Почитувани пратеници, ве повикувам сите вас да го поддржите нашиот амандман едноставно затоа што Музејот  леарница при Историскиот музеј во Крушево е единствен објект од таков тип во Република Македонија, чие постоење датира од 1903 година. За споменик на културата е прогласен во 1953 година, а неговата реконструкција Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата целосно ја заврши на 5.07.2003 година, после што следеше внатрешното уредување.

Во леарницата беше отворена современа изложба под наслов “Колекционерите со пиетет кон Илинден”, а беа изложени околу 400 експонати од старо оружје од крајот на 17 до почетокот на 20 век. А податокот дека во тек на еден месец колку што беше отворена изложбата 3500 посетители се евидентирани, зборува за големиот интерес на посетителите кон овој музеј.

Музеј леарница располага со оружје од пет пушки, два пиштоли и два јатагани. Доколку се усвои нашиот амандман, почитувани пратенци, оружјето со музејска вредност кое ќе биде изложено како постојана поставка во реконструираната леарница автентична на таа од 1903 година, ќе овозможи да се зголеми бројот на оригинални експонати и да се дополни самата леанирна. А со тоа, како што кажав на почетокот на моето образложение, Република Македонија добива единствен музеј леарница специјализиран за оружје, кое е од уметничко, историско и културно значење.

Почитувани пратеници, ценам дека изнесените факти се сосема доволни за да ја добие овој амандман нашата поддршка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор министерот за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Само накратко, потпретседателке.

Уште еднаш би пофторил, согласно законот, невообичаено би било по законот да навлегуваме кај која конкретна институција сега, без никакви критериуми се преотстапува ова историско оружје. Согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, тоа е предлогот во овој закон да се отстапи на Министерството за култура, кое врз основа на стручни сознанија би одлучило понатаму кај кого треба да биде оружјето и затоа бараме да остане кај Министерството за култура како институција, а не кај конкретна институција во Републикава.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 50 пратеници, за гласале 15, воздржано 10 и против 25 пратеници.

Пред да констатирам, би молела службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата. Јас мислам дека имаме кворум, но сепак да бидеме сигурни.

(По пребројувањето од страна на службите).

Сега имаме кворум и можеме да пристапиме кон гласање.

(Претседателот Љупчо Јордановски продолжи да раководи со седницата).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, 17 за, 11 воздржано и 29 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Господинот министер ни достави Предлог на закон за дополнување на Законот за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето. Овој предлог-закон се состои од еден член и има неколку ставки. Првата ставка е: “Огненото оружје од ставот 1 на овој член се проценува од аспект на неговата материјална вредност, уметничко, историско и културно значење од страна на комисија формирана од Координативното тело, составено од по еден претставник од МВР, Министерството за одбрана, Министерството за култура и двајца претставници на меѓународните организации во Република Македонија”.

Сега би го прашал министерот: ајде, Координативното тело е во ред, да има по еден претставник од МВР и Министерството за одбрана, и на Министерството за култура, макар што можеби треба да има барем двајца претставници од Министерството за култура, но овие двајца претставници од меѓународните организации во Република Македонија  што ќе помогнат во оваа комисија кога воопшто не беа вклучени во Координативното тело од почетокот на собирањето на оружјето, па мислам дека ќе се обиде министерот да ни објасни.

“Проценката од ставот 2 ќе се изврши во рок од 10 дена”, и тоа е прифатливо, но прашање е зошто на минатата седница министерот беше отсутен, така што

поминаа повеќе од 15 дена откако беше доставен овој предлог на закон пред пратениците, но поради отсуство на министерот истиот беше повлечен, ако не се лажам, а не се лажам сигурно.

“Огненото оружје за кое комисијата од ставот 2 а овој член ќе оцени дека е од уметничко, историско и културно значење нема да се уништува”. Значи, огненото оружје нема да се уништува, ќе треба да почекаме таа комисија прво да се формира, да се направи координативно тело, тоа координативно тело да ја формира комисијата. Во членот 2 се вели дека “овој закон ќе влезе во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, “ сето тоа може да се проолнгира, а бидејќи крајниот рок за собирање на оружјето беше 16 декември, рокот е 15 март. Затоа, секое доцнење - затоа предложивме да биде една од првите точки на дневниот ред, но еве дојде на дневен ред и можеме да расправаме.

“Огненото оружје од став 4 на овој член се предава на Министерството за култура”. Јас би прашал уште нешто, ако има комисија што ќе ја формира тоа координативно тело, дали во ова оружје што е собрано има некое оружје кое може да биде формациско и да не се уништува и да биде од корист на вооружените сили на Република Македонија или на МВР.

Од друга страна, уште во стартот кога комисијата и Координативното тело почна да работи, кажано е дека ќе бидат собрани доста вакви орудија, но во овој закон и во предлогот што ни го давате, едноставно и во извештајот на Координативното тело, никаде не стои од прилика колку се овие парчиња, затоа што ова што го добивме како информација од Координативното тело, што го имаме пред нас, покажува дека оружјето се собирало барем со 1000% повеќе во послендата недела од собирањето на оружјето. Би посочил само два примери. Тоа се пушките и автоматите од 1 до 11 ноември 2003 година се собрале само 163 пар!чиња, од 15 до 29 ноември 392 пушки, но затоа во последниот период од 5 до 15.12. се собрале 3034 пушки. Колку од овие пушки се од Илинденското востание, колку се без затворачи, без отворачи и колку може да се употребат, не добивме некоја поголема информација. Истото и со пиштолите, значи во првиот период 116, па 223, па дури 2000 или 1997 пиштоли. Значи, енормно зголемување, дури и по десет пати во последната недела на што се должи, дали на тоа што Координативното тело ја подигна свеста на граѓаните, или се случи нешто друго, мислам дека ќе имаме едно пореално или пообјективно оценување.

Затоа, излегува многу чудно што последното предавање на ова оружје се случило во општина Центар и можеби затоа има оружје од историски калибар, каде успешноста била 76,67%, општина Кисела Вода 60%, потоа општините Прилеп, Липково и Куманово. Колку од сето ова е вред, треба да видиме.

Во моментот многу актуелно случување е уништувањето на тенковите Т-55 и јас би ги замолил господата од Министерството за одбрана, а тука да се вклучи можеби и ова координативно тело и да се размисли некои од тие тенкови да останат како историска вредност, да не бараме утре повторно, како што кажувате тука дека имало некои пушкомитралези од Втората светска војна, значи ако снимаме некои партизански филмови ќе треба да ги бараме германците за да ни позајмат такви, па како ќе дојдеме до тенковите, ако некој пат дојде до некое разгледување и снимање на некои други материјали, ќе биде добро да останат и од овие, да не бараме тогаш повторно од бугарите да ни подарат, за да можеме да снимаме некој филм.

Затоа, го замолувам министерот, мислам дека оваа информација требаше да биде направена малку подетално, да знаеме колку и што, затоа што на крајот во точката 4 од Законот кажуваме дека "за спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства", но гледајќи го извештајот што го добивме од Координативното тело ќе воочиме дека колку што се парите што се дадени од УНДП за помош, тоа е околу 350 илјади долари ако не се лажам, трошоците што ги дадовме за комисиите за дневници и патувања се околу 220 илјади долари, за што парите ги оддели Република Македонија. Затоа, да не се случи и овој пат истото да се случи повторно, средствата што треба да се издвојат за оваа комисија и како таа ќе ја формираме, останува дали воопшто ќе бидат потребни средства. Министерот ако може да ни објасни зошто би биле тие двајца странски претставници, за да ни кажат кое е наше трофејно оружје, од кого потекнува, дали од Васко Карангелески, Лазар Колишески или по Втората светска војна или Турската империја. Тоа можеме и самите да го направиме, бидејќи имаме доволно луѓе кои работат во музеите во Република Македонија и тоа може да го направат многу одговорно. Затоа, мислам дека времето тече, додека се донесе овој закон и додека излезе во Службен весник, да не дојде се на брзина, па или се да се уништи или пак да остане многу оружје кое и понатаму ќе биде искористувано.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Би сакал да кажам неколку зборови во врска со овој предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материјали и за легализација на оружјето.

Овој материјал ни е доставен по итна постапка на некој начин, како што кажа и колегата Спиро Мавровски и на минатата седница не знам зошто го одложивме. И тогаш рековме дека е итен, и на Комисијата за одбрана и безбедност рековме дека треба да биде итен, меѓутоа, после месец дена одложување конечно стигна на дневен ред на оваа седница и добро е што меѓу првите. Инаку, Оосновниот закон е донесен на 4.06.2003 година, објавен во “Службен весник” бр. 37 и според тој закон за доброволно предавање и собирање на нелегално оружје се формира Координативно тело, во кое влегоа и четири пратеници од Собранието на Република Македонија. Тоа Координативно тело формира комисии, кои го организираа и надгледуваа предавањето на нелегалното оружје.

Само сакам да напоменам дека и тогаш искажавме сомневање дека е се собере оружје повеќе отколку што е потребно, како по бројот така и по видот на собраното оружје, особено што јас бев свекод и од претходниот Парламент како пратеник, кога учествувавме не во надлгедувањето, туку повремено гледавме во собирните пунктови колку оружје се собира и од каков тип е тоа оружје. Можам да кажам дека и тогаш акцијата беше неуспешна, беше собрано малку оружје и пред се старо и неупотребливо оружје. Истото тоа се повтори и со оваа акција, која по втор пат се правеше во 2003 година.

Сега формирањето на оваа комисија, што треба да ја формира Координативното тело, го овозможуваме со овој предлог за дополнување на Законот и сметам дека е добро, и на почетокот на акцијата напоменувавме дека е биде старо музејско оружје, меѓу другото. Еве, се потврди тоа и после собирањето на оружјето фактички се востанови дека навистина има такво оружје кое практично е неупотребливо и со помош на овој закон и со формирањето на комисија ќе се овозможи ова оружје законски да биде предадено на Министерството за култура.

И јас би напоменал дека во образложението на овој закон воопшто нема доволен број податоци. Пак ќе повторам, имаше информации во дневниот печат за бројот, видот и староста на собраното оружје. Меѓутоа, вака официјално од Министерството сметам дека требаше да има повеќе информации во

образложението, се со цел да останат трајни информации во овој закон и при нашите дискусии да можеме повеќе да дискутираме.

Исто така, значајно е да се напомене дека собирањето на оружјето не беше рамномерно во цела Република Македонија, по бројот на собраното оружје, и сметам дека уште огромен број на нелегално оружје остана во рацете на граѓаните на Република Македонија, особено во кризните региони, и Министерството за внатрешни работи би требало да размисли и да направи стратегија како тоа оружје ќе биде одземено. Сведоци сме дека и во последниве денови што пишува во печатот, како се собира нелегалното оружје, меѓутоа, тоа е претежно во другиот дел што не е кризен дел во Република Македонија. Меѓутоа, својата енергичност Министерството треба да ја покаже токму во тија региони каде што настана кризата во Република Македонија  и тогаш ќе речеме дека навистина, по донесувањето на овој закон и после предавањето на нелегалното оружје Министертството за внатрешни работи навистина ќе постапи онака како што велеше пред собирањето дека после ова собирање ќе нема друго собирање, туку Министерството за внатрешни работи најенергично ќе пристапи кон собирање на ова оружје од граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-дине министре.

ХАРИ КОСТОВ:

Со оглед  дека ми беа поставени неколку прашања, ќе се обидам да одговорам на тие што навистина сметам дека се тема на овој закон. Инаку, навистина, им се вохитувам особено на г-динот Мавровски, како во секоја прилика успева да искористи за дискусии кои не се тема на тој дневен ред, па еве и денес поставени се прашања кои не се врзани со овој закон. Самиот закон и координативното тело имаа обврска, според Законот да поднесе извештај до Собранието и тој извештај ќе биде предмет на разгледување на Собранието. Според тоа, тогаш можеа да се поставуваат прашања околлу успешноста, неуспешноста, број на оружје по единици итн., меѓутоа овдека од еден  член со 4 става отворивме навистина голема дискусија во која на крај мислам дека сите се сложуваме дека таа е потребна. измена на законот.

Овдека и во образложението е дадено.  Не се работи за илјадници парчиња оружје, туку се работи за старо оружје и тоа историско за лица кои што имаат носители да не ги споменуваме по име сега. Носители на партизански споменици итн.  Така да мислам дека не држат овие прикаски околу тоа., кој од која страна наводно, какво оружје предал итн. Според тоа и покрај тоа што се обидуваме маркетингот да го сочуваме  за времето кога ќе дојде извештајот од координативно тело за целокупната акција, па тогаш може да ги дасваме оценките.

Не би одговарал  на тоа зошто не бев на претходната седница, ваљда имам право на една седница и да не дојдам. Меѓутоа, би одговорил само на делчето кое што беше како главно поставено, зошто има претставници на меѓународни организзациите во комисијата која што ќе биде формирана.  Би го потсетил пратеникот и Собраниево дека оваа акција која се спроведуваше со законот е акцијата во соработка со ЈНДП која се однесува на програмата оружје за развој.

Според тоа, некаде во текот на средината на годината или во третиот квартал на годината е планирано да се одржи меѓународна донаторска конференција во која што треба да се обезбедат финансиски средства во против вредност на оружјето кое што беше предадено, и кои финансиски средства, треба да бидат наменети за определени инфраструктурни објекти, во ззависност од противвредноста на оружјето, кое што е по различни општини предадено. И, при самото носење на законот тогаш укажувавме дека, на пример дека доколку во општината таа и таа биде предадено противредност од 100 илјади долари, за противвредност од 100 долари би требало да се изгради некаков инфраструктурен објект. Дали тоа ќе биде игралиште за деца, или кошаркарски табли или школо во некои општини каде што има повеќе дадено итн.

Според тоа, за да нема сомневање дека пред меѓународната заедница и пред таа конференција која што треба да се организира, дека некојј манипулира, во државата со бројки и со вредност на оружјето. Токму затоа и во самата комисија која ќе ја проценува меѓу другото и вредноста на оружјето, се вклучени и меѓународните претставници, затоа што фактички и на крај главниот трошок околу таа работа треба да го покрие меѓународната заедница.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине, Караџоски, барате збор? (Не)

И вие госпоѓо? (Не)

Една минута бидејќи ова беше реплика на ваши една минута контрареплика, г-динот Спиро Мавровски.

Повелете.

СПИРО МАРОВСКИ**:**

Јас му благодарам на г-динот министер за објаснувањето, мислам ми објасни нешто што не е тука во законот претставено, и јас сега не можам да знам за колку пари ќе се работи и меѓународните организации каде и што ќе донираат. Тоа е мислам тема на некој друг закон и кое рековте координативното тело ќе го даде конечниот извештај. Тогаш ќе расправаме за тоа, но, поради итноста и временскиот рок јас мислев дека и министерот ако не може да дојде сигурно дека има заменик или ако е незаменлив, тогаш да го чекаме само него. Ззатоа што законот има итност. Не се работи дали министерот може да дојде или не може да дојде. Тој беше поставен на седница под иста постапка и тоа е мојата забелешка.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

г-дине Коце Трајановски контра реплика една минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Мојата реплилка или контрареплика се однесува на министерот кој што во својата реплика рече дека треба маркетингот да го зачуваме за себе, јас би го прашасл министерот дали не е маркетинг кога при собирањето на нелегалното оружје се организира наградна игра за добивање на автомобил за оние кој што ќе предадат нелегално оружје, притоа знаејќи дека тоа нелегално оружје во 2001 година се користеше и во времето на војната дел од тоа оружје. Сметам дека тоа е најголемиот маркетинг, а не ова што ние сега укажуваме на оваа седница.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Караџоски имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван, претседателе,

Веднаш да ја ра счистиме мојата дискусија нема да биде контра дискусија, него дискусија.

Како што ни овие не се контрареплики, бидејќи се реплилки со оглед на тоа дека министерот дискутираше. Надвор од тоа, би сакал само да искажам неколку работи.

Прво, почитуван министре, кога предлагате закон, и кога сте претставник на Владата по тој закон треба да бидете во Собранието. Мислам дека тоа правилник, тоа е Деловник, ако мене не ми верувате, верувајте му на п ретседателот на Собранието, кога ве кани и ве повикува да дојдете на седница.

Секако дека имате право и да не присуствувате. Меѓутоа, вашето неприсуство го одложи еден месец овој закон. И денеска мораше да го гледаме по итна постапка. Инаку, ќе врвеше во онаа нормална фаза Предлог за донесување закон, со Предлог на закон итн., итн.

Меѓутоа и една друга работа треба да имате во предвид, да сепак иако сте редовен,  меѓутоа е вакви некои инциденти случајно да не ви се случуваат оти ајде ние опозицијата можеме да ве сфатиме, али претседателот на Собранието бидете сигурно ќе го промени со 15% казна на плата како и г-динот министер за плата. Значи тоа е кога е редовност.

Сега, кога зборуваме за  потреба од донесување на овој закон очигледна е потребата во рамките на тоа нели, кој ќе утврдува  она, уметничка вредност, нели дојам на ова оружје и се виде дека во законот има празнина и дека тоа неможе кој да го утврди па треба да се формира една комисија, од стручни луѓе, кои што навистина треба да утврдат кое е тоа оружје со кава вредност, за да можеме да го сместиме. Дали е за во музеј, поточно за во Министерството за култура или пак треба да се уништи. Иако го земеме во предвид нели образложението, дека тука се најдуваат експонати од оружје, кое припаѓало на Васко Гарангелески, Лазар Колишевски, другарот Тито, итн., Значи навистина треба една стручна комисија, која ќе утврди кое е чие оруже.  Да не ни залута само и церешовото топче таму, бидејќи тоа е позајмено од Турција.

Сето ова потврдува дека, ако оваа акција која беше цел, да се собере доброволно оружје беше цел да се собере оружјето, она илегално, кое може да убива итн.. итн. За да се уништи, очиглендо ако по нешто успешно е оваа акција, тогаш најверојатно ќе биде успешна  по овие музејски експонати, иако некој ќе профитира во Република Македонија  од вакви закони, најверователно, 100% сигурно ќе профитираат музеите. Значи јас би му дал совет, уште еден и би

привршил, гледам дека сте нестрпливи. Почитуван министре, дајте следниот пат поднесете уште еден закон да ги обогатиме музеите, нели.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеника, сите гласале за. Нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

Минуваме на 14 - та точка. - **Предлог за донесување на закон за класифицирани информации, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Повелете г-дине Томиќ, а нека се подготвки пратеникот Талат Џафери.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Предлогот за донесување на закон за класифитирани информации, со Предлогот на закон кој ни е понуден на денешната расправа, спаѓа во редот на еден од најбитни закони во оваа област, особено што најпрво би сакал да укажам дека оваа материја досега не беше регулирана со соодветен закон, значи постои една уставна основа за донесување на овој вид на закони и дека досега тоа беше регулирани со уредби, правилници, упатства, одлуки инт.

Меѓутоа, нашата стратешка определба за прилучување кон НАТО бара токму да Собранието на Република Македонија донесе еден ваков закон. Кој веднаш би сакал да укажам дека е навистина доста квалитетно изработен. Дека е доста специфичен, по својата содржина. И конечно, дека и од страна на сите надлежни меѓународни институции, мислам дека токму овој закон недостатсуваше за да договорот за безбедносни аранжмани кој е вклучен меѓу Република Македонија и меѓу НАТО докрај биде и реализиран.

Притоа, би сакал посебно да потенцирам дека договорните страни а тоа се Република Македонија и НАТО се обврзани на заемна заштита на информациите од

доверлив карактер, согласно законодавните норми и другите критериуми за нивно чување, користење, заштита, дистрибуција и сл.

Не би сакал понатаму да елаборирам повеќе само би укажал дека и би повторил, дека навистина станува збор за еден доста специфичен, доста важен закон и од тие причини пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз во целост ќе го поддржи овој Предлог на закон.

Благодарма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Томиќ.

Повелете г-дине Талат Џафери, имате збор.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам, г-дине претседател,

Почитувани колеги, претставници на Влада, ние за ова прашање како членови на Комисијата за одбрана и заштита, каде и сме го разгледале Предлог законот за усвојување на законот за класифицирани информации и во работата на комисијата изјавивме дека ќе го поддржиме Нацрт-законот за Предлог законот за усвојување на законот за класифицирани информации, со забелешките што ги имавме и тие се претворија во амандмани на Комисијата за одбрана и заштита.

Од амандманите што сме ги поднеле до Владата гледаме дека дел од нив се инкорпорирани во текстот и се составен дел на Законот. Заради тоа цениме дека текстот и така подготвен со измените кои што се прават треба да се поддржи. Како што се нагласи и порано овој предлог закон доаѓа и како дел од обврските на Република Македонија во областа на реформите, во системот на одбрана и од обврските што произлегуваат од меѓународните договори кои што се потпишани од страна на Република Македонија со меѓународнот фактор. Посебно, од рамката на договорот за соработка и со потпишаните аранжмани со НАТО за размена на информации и како обврска од тие декларации и потпишани договори произлегува и обврската што ние денес тука треба да разгледаме и усвоиме ваков Предлог закон, со што ќе се стави и законска рамка за поседување, употреба и контрола на тоа што е класифицирана информација за да може да биде компатибилна, со тоа што е определба на структурите во Републиката, посебно на структурите на НАТО.

За делот од забелешките што ги имаме во фазата на разлгедување на амандманите ќе кажеме малку поконкретно во суштина мислам дека со овие измени кои што се прават, ние ќе го поддржиме предлог законот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, дали некој друг бара збор.

Повелете г-дине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас би сакал да кажам неколку збора во врска со овој закон. Иако на почетокот сакава да напоменам дека ние како Пратеничка група на ВМРО ДПМНЕ, ќе го поддржиме овој закон со една и единствена цел, бидејќи на Комисијата за одбрана и безбедност која што беше хитно свикана, дури и за време на работа на пленарната седница на Собранието, и рекоа дека овој закон треба да биде донесен по итна постапка, бидејќи како причина се наведува Самитот на НАТО во Истанбул и како услов за наше  споменување на тој Самит е токму едно од условите е токму овој закон. Еден од суштинските услови.

Инаку јас би сакал да напоменам дека овој закон не требаше да оди по итна постапка во една фаза, требаше да оди во две фази. Иако Мианистерството работеше плански, а бидејќи имаше сознанија за регулирање на оваа материја, за класифицирани информации кој што ќе значи усогласување со Законодавството и комуницирањето со ЕУ и структурите на НАТО, неопходноста за донесуање на овој закон, е констатирана уште во минатата година, сметам дека требаше порано да се достави овој закон. Да оди во две фази како би можеле да добиеме еден многу поквалитетен текст. Инаку и на самата Комисија ние при едно видување констактиравме некои неправилности веднаш се доставија амандмани  кои што овие амандмани денеска на оваа седница, значи со едно мало време на погледнување. Инаку доколку беше во две фази, ние сигурно дека ќе дадовме многу поквалитетни сугестии.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. Дали некој друг бара збор.?

Заменик министер за одбрана. Повелете. Претставник на Влаата.

РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Само една мала исправка. Јас намерно не сакав во почетокот  да земам збор, го имам во обзир вашето време и дека сте при крај на работното време. Но морам

само една мала исправка. Факт е дека во Комисијата за одбрана и на Законодавно-правната комисија беше барано од нас образложение зошто ние бараме овој закон да оди во една фаза и таму рековме дека ние во нашата Годишна национална програма за членство во НАТО според другите обврски што самите сме ги презеле дека ќе ги завршиме, пред Самитот во Истанбул рековме дека е еден и донесувањето на овој закон,.Но не рековме дека овој е единствениот услов за да ние можеме или да бидеме спомнати во Самитот во Истанбул. Она што уште вчера и денеска веќе го имам во медиумите, вие изјавата околу тоа што Република Македонија конкретно  Министерството за одбрана направи во последните три месеци го имавте веќе  од претставниците на НАТО. Од тимот кој што престојуваше тука, и видовте дека е тоа многу позитивно. Така да ние очекуваме без обзир како ќе се одлучи Парламентот да го донесе овој  закон. Дека Република Македонија ќе биде спомнета во позитивна конотација во Самиотот во Истанбул.

Меѓу другото образложение рековме дека сакам да ковертирам уште еден успех. Во низата успеси кои се направени во последните три месеци.  Така да не сакам да навлегувам понатаму. Мислам причини за донесување беа и другите работи. Со оглед дека се работи за стручен закон и дека е работен од страна на меѓуресурсна комисија и стручњаци, да не задира длабоко во некои политички сфери. Рековме дека овој закон и прифатиме најголемиот дел од забелешките дадени и од матичната комисија и од Законодавната комисија и денеска се тие како амандмани предложени од страна на Владата. Со обзир дека бевме во временски цајтунг и не можеше тоа да оди од страна на Комисијата. Тоа беа причините што ние останавме на нашиот, првичниот предлог да овој закон оди во една фаза.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Поветете г-дине Коце Трајановски за реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Па и реплика и говор, бидејќи на некој начин . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, реплика три минути.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Воедно, бидејќи, имаше на некој начин и на министерот беше како репклика.

Имено јас не реков дека е единствен услов. За споменувањето на Истанбулскиот Самит е единстсвен услов за донесување на овој закон. Реков дека е еден од условите. Мислам од реформите на Министерството за одбрана. Јас реков е единствен услов за одење во една фаза наместо во две фази. Тоа е вашето објаснување од Министерството за одбрана. Значи за да не спомнат таму, рековте дека како услов е еден од условите на овој закон. И затоа одиме во една фаза наместо во две фази. Што за мене пак ќе пофторам и не е прифатливо. Тоа го кажав и на Комисијата бидејќи и самиот вие рековте дека ова е спомнато во Годишната програма. Значи имало време да се испланира и да дојде по рекодвна постапка во Собранието. Инаку пак ќе напоменам бидејќи не кажав оваа точка ние дополнително ја ставаме на дневен ред. Таа не беше во решението. И затоа и Комисијата под итно се свика за време на работа на седницата и се беше на брзина. И пратениците од завземеност од преблокираност со работа не можеа квалитетно да пристапат на овој закон. Меѓутоа, со оглед на тоа дека се работи за закон кој што регулира една специфична материја, и кој што закон јас верувам дека се земени искуствата одф соседните земји, од ЕУ и со оглед на нашата определба за зачленување во структурите на НАТО ние ќе го поддржиме овој закон кажавме, а понатака со тек на време ако треба ќе поднесуваме измени и дополнување на овој закон се со цел да се добие поквалитетен закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за класифицирани информации.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(пратениците влегуваат во салата)

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, за гласале 63, еден воздржан, против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, сите гласале за, нема воздржан , нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 5 точка 8, 13 и 14; член 6 став 2, член 7 став 2, член 8 став 1, член 9 став 1, член 11 став 2, член 14 став 1, член 15, член 17 став 2, член 19 став 1, и на ставовите 2, 3 и 4, во насловот на Главата трета , член 24 , член 30, член 31 став 3, член 32, член 34, член 35 за внесување на нов став 1, член 36 став 1, член 37 за внесување на нов став 2, член 39 алинеја 3, член 41 став 2 и 3, член 44 став 2, член 53 став 1, член 56 став 1, член 61 став 4, член 63 став 2, член 67 став 3, за менување на насловот на Глава петта, член 68 за менување на ставовите 1 и 2, член 69 став 4, член 70 за внесување нов став 3, член 71 став 1 и став 3, член 73 став 2, член 74 алинеја 3, 4 и 5 и на член 81 став 1 и 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за одбрана и безбедност поднесе амандмани на член 9 став 1, член 14 став 1, член 36 за менување на член 46 за бришење на членовите 47 и 48 и на член 54 став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:

Владата не го прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:

Објаснување ако треба.

Тој амандман е содржан во амандманите предложени од страна на Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Доволно е дека не го прифаќате.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(реакција од пратениците да го повлече амандманот)

Никој не се изјаснил дали го повлекува амандманот.

Јас го ставив на гласање и ве молам да гласаме.

Повелете г. Талат Џафери, процедурално.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Амандманите на Комисијата ја имаат тежината на амандмани на Владата и ниеден од нас како член на Комисијата без нејзино состанување ноеможеме да ги повлечеме. Затоа е потребна одлука на Комисијата. Затоа ќе преминеме на гласање како што треба.

Скоро сите измени кои ние ги баравме се опфатени со амандманите затоа што за овој амандман ќе се гласа против, јас имам нешто да додадам за членот 36, амандманот, меѓутоа ќе кажам дека процедурата треба да помине како што е, треба да помине гласање иако не се прифаќа,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сосема е јасно.

Бидејќи никој не го повлекува амандманот, а не е прифатен од Владата јас го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, три гласале за, два воздржани и 59 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:

Владата не го прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, шест за амандманот, три воздржани и 50 против.

Молам службите да го утврдат бројот.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 36 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:

Овој амандман доволно е содржан и во Предлогот на Владата со тоа што Комисијата за одбрана и безбедност предложи бројот на функционерите кои имаат можност да дојдат до пристап на класифицираните информации се прошири и на фунционерите на Комисијата за одбрана и безбедност и со јавниот обвинител . Редоследот на набројување на функционери односно институции кои имаат парво и е корегиран во Предлогот на Владата, но Владата останува во т.н.тесен круг на луѓе кои можат да дојдат до вакви информации без сетификати со тоа што покрај претседателот на Владата и еден потпретседател ќе може .

Затоа не го прифаќаме овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам за во иднина ќе кажете дали го пирфаќате или не, а после ќе објасните зошто не го прифаќате.

Молам кој бара збор?

Има збор г. Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам г. претседателе,

Јас чувствувам потреба уште еднаш да ја објаснам идејата на амандманот кој беше предложен од Комисијата . Во таа насока би сакал да го цитирам членот 36, како што е во текстот каде се вели: " сертификат за безбедноста, за пристап кон класифицирани информации од сите степени без претходна контрола, проверка поради исполнување на функцијата од денот на изборот до крајот на мандатот се стекнуваат претседателот на државата, претседателот на Парламентот, претседателот и потпретседателите на Владата, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија , претседателот на Врховниот суд на Република Македонија ".

Идејата на амандманот е, тоа ќе се види и во праксата, мандат и избран од истиот состав се и ресорните министри и замениците министри како органи кои треба да функционираат врз основа на информациите кои ги примаат. Неможам да разберам врз која основа министерот за внатрешни работи или одбрана ќе може да ја користи ситуацијата Министерство до колку ги нема релевантните информации, до колку го нема правото без претходна проверка. Суштината е дека министерот од

денот на изборот за информацијата од прв степен треба да помине 30 дневна проверка од аспект на безбедноста. За информација од втор степен треба да поминат два месеци, а за информации од трет степен проверката на министерот во однос на безбедноста треба да помине три месеци.

Што подразбира од денот на изборот до крајот на првото тромесечие до колку нема пречки од безбедносен аспект министерот ќе може да има пристап кон класифицираните информации. До колку се случи министерот да не добие согласност од аспект на безбедност за пристап кон степенуваните информации тогаш се поставува прашањето со кое право може да остане министер и понатаму. За да се дифинира ова прашање по автоматизам без претходна верификација на степенот на безбедноста на лицето министер треба да го добие со функцијата по автоматизам да има пристап. Ова беше идејата на амандманот и Парламентот и пратениците, соодветните комисии да имаат пристап кон наведените информации од контролната функција која ја извршува соодветната Комисија. Со какво право може Комисијата да ја врши контролата на работата до колку нема право на пристап на наведените информации. Комисијата за надзор, Агенцијата за разузнавање и контраразузнавање исто така има право да врши интервенции односно проверка на соодветните агенции. Светската практика вели дека членовите на овие комисии поседуваат посебни сертификати за едниот степен, други членови посебен сетификат за друг степен на класификација итн. Една од тие држави е Романија која ќе стане членка на ЕУ и на НАТО. Тоа беше идејата на предложениот амандман со се она што следи со другите членови кои што предвидуваат процедура за обезбедување на сертификат за безбедност, за други лица кои се вработени во државните органи, државни институции. Затоа јас мислам дека Владата поради професионалниот аспект направиле превид, меѓутоа мислам дека првиот меѓу избраните , претседателот на Парламентот треба да може да има мандат по уставната фунција претседател на Парламентот. Може да има таква функција, меѓутоа, се поставува прашањето дека секој од нас 120 може да бидеме први. Затоа не гледам каде е проблемот пратеникот како таков да нема можност и пристап на имање на таков сертификат за посебен степен на класификацијата , прва, втора или трета, и друга. Ова беше идејата, до колку не сме се разбрале добро жалам што е така, меѓутоа верувам дека имам право и ќе видиме во праксата дека ова што го кажуваме тука сега ќе се соочиме со овој проблем наскоро. Верувам доколку не помине тука со други дополнвуања и измени ќе се направи ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара  збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеници, од кои 17 за амандманот, три воздржани и 40 против.

64 пратеници се присутни во салата.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувани пратеници бидејќи сме 18,00 часот, по Деловникот предлагам уште половина час работа бидејќи имаме уште три амандмани и заклучоик. Да завршиме.

Го ставам на гласање мојот предлог.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 51 пратеник, од кои 46 за предлогот да работиме плус половина час, нема воздржани и пет против.

Присутни се 64 пратеници.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 46 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам кој бара збор?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Како член на Комисијата за одбрана и безбедност го предложив овој амандман. Сметам дека треба да се прифати овој амандман бидејќи значи само техничко дотерување на текстот.

Имено, ова што го предлагаме ние во еден амандман во текстот на предлогот на законот е ставено во три члена на законот. Во член 46, член 47 и член 48. Тој член вели “се обезбедува проверка од прв степен ..”

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, ве молам за малку тишина . Ќе работиме само уште половина час , ништо повеќе.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Имено, сите три члена се исти. Сите имаат една најава во смисла да се со безбедносна проверка од прв степен, член 46, втор степен член 47 и трет степен во член 48. Има по услови кои треба да ги задоволува лицето зависно од степенот на информации кои се проверуваат и од тие шест само во 46 се разликува, наместо 18 да биде 21 година. Значи само се зборува за техничко подобрување на текстот.

Владата требаше да го прифати овој амандман за да не мораме ние да гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор?

РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:

Мислам дека не е баш се исто со оглед дека класификацијата и степенот се разликуваат и по години и по лекарска комисија. Се бара само не со трет степен акредитирани, туку само од прв и втор степен. Тоа не е стандард на НАТО, тоа ќе бара додатни средства со некоја слична комисија, а бројот на информации во првиот и вториот степен е поголем кој што и затоа Владата  не го прифаќа.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

По се изгледа министерот не ги прочитал овие четири члена. Јас се извинувам што морам вака да кажам, прочитајте го член 46, член 47 и член 48 потполно се исти, само во шесте услови кои што се исти за сите членови, во еден од условите, саом во член 48 се вели 21 година.

Во амандманот што го предлагаме вклопено е тоа. Имено, се вели за птвр, втор степен возраст од минимум 18 години, а за трет степен минимум 21 година. Ова е во предлогот на амандманот.

Целокупниот текст е ист за сите членови од текстот на законот. Верувајте нема никаква суштинска измена. Само имаме дуплирање на текстот. Ќе добиеме многу подебел декст на закон. Ако сакате да имаме многу страни можеме да пишуваме така.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам дали некој друг бара збор?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

На Комисијата се прифати и самиот заменик министер виде.

РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:

Во член 47 и член 48 кои што зборуваат кои услови лицето треба да ги исполнува за да може да добие сертификат за прв и втор степен, покрај другото што е повисок степен се бара и лекарска контрола, лекарска комисија што не е случај за првиот степен на доверливот на документи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и ги повикувам пратениците да влезат внатре бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеника. За гласале 14, а против 43 пратеника.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Во салата беа присутни во моментот на гласање 67 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 47 и 48 поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:

Владата не го прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 53 пратеници, за гласале 4 пратеници, 2 пратеници се воздржале од гласање и 47 пратеници гласале против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи немаме доволен број пратеници, ова гласање е поништено.

Ќе продолжиме во вторник во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,10 часот).